**САМОЕВАЛУАЦИЈА НА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ**

**„ХРИСТИЈАН ТОДОРОВСКИ КАРПОШ“ с. Драгоманце Општина Старо Нагоричане**

**за период од 2022 до 2024 година**




Јули, 2024

| Самоевалуација на училиштето | |
|---|---|
| **Училиште** | **ООУ „Христијан Тодоровски Карпош“** |
| Адреса | **с.Драгоманце Општина Старо Нагоричане** |
| Телефон, е-пошта | Тел: 031/495101 Факс: 031/495 101<br>e-mail ouh.karpos_dragomance@yahoo.com |
| Период на подготовка на СЕУ | 15.05.2024 - 30.06.2024 |
| Број на ученици во училиштето | 68 ученици |
| Број на подрачни училишта | 2(две) |
| Ученички дом | Една воспитна група со 9 ученици<br>од I–IXодделение |
| **Училиштен директор** | |
| Име и презиме | Бојана Арсовска Јовановиќ |
| Потпис | |
| Датум | |
| **Одобрување од УО** | |
| Име и презиме | Оливера Митковска |
| Потпис | |
| Датум | |

Согласно член 129 и 130 од Законот за основно образование (Сл.весник на РСМ бр.161 од 5.8.2019 година) за обезбедување на квалитет на наставата, училиштето спроведе самоевалуација. За изготвување на Самоевалуацијата 2022-2024 беа користени Законот за основно образование, Индикаторите за квалитетот на работата на училиштето и Водичот за самоевалуација изготвени од МОН и ДПИ.

Самоевалуација на работата на училиштето се спроведува на крајот на секоја втора наставна година и е усогласена со областите од интегралната евалуација, а истата ја спроведува училишна комисија составена од 5 члена.

**Опис на процесот на СЕУ**

За време на самоевалуацијата на училиштето, директорот, наставниците и стручните соработници, во консултација со училишниот одбор, родителите/старателите, учениците и локалната самоуправа, се вклучуваат во рефлексивно проверување на работата на училиштето, преку прибирање докази од разни извори и испитување на мислењето, ставовите и потребите на учениците, наставниците, стручните соработници и родителите/старателите. За таа цел, Училишниот одбор по предлог на директорот на училиштето формира училишна комисија за самоевалуација.

Оваа учебна година во периодот од 15 мај 2024 година до 10 јуни 2024 година во училиштето е спроведена самоевалуација од страна на комисијата во состав: Сања Бојковска Ѓорѓевиќ - училишен психолог, Андријана Митковиќ- педагог, Александра Додевски- наставник по математика, Верица Тоневиќ Алексовска- одделенски наставник, Сузана Арсиќ – родител. Активност беше водена и координирана од психологот на училиштето како член, а воедно и претседател на комисијата за СЕУ.

На седница на наставничкиот совет бр 02-261 од 15.05.2024год на предлог на комисијата за СЕУ и директорот на училиштето заради побрзо и поефективно спроведување на СЕУ беа формирани 4 работни групи кои работеа на секое од четирите подрачја, односно 4 рамки за самоевалуација на училиштето и тоа:

**I - Подрачје-Планирање, настава и учење:** Верица Тоневиќ - Алексовска одделенски наставник- координатор**,** Илка Пандиловска Димитријевска- наставник по англиски јазик**,** Андријана Бојковска- воспитувач**,** Фросина Лазаревска- наставник по македонски јазик**,** Маја Серафимовиќ - одделенски наставник

**II - Подрачје-Постигање на учениците:** Сања Бојковска Ѓорѓевиќ психолог- координатор**,** Андријана Митковиќ -педагог**,** Марија Трендафиловска- наставник по историја**,** Ивана Јовановска- одделенски наставник

**III – Подрачје - Училишна клима и односи во училиштето:** Стојка Спасовска - одделенски наставник - координатор**,** Миленка Димковиќ - наставник по техничко образование**,** Александра Додевски - наставник по математиа**,** Тања Антиќ - воспитувач**,** Станко Митровиќ - наставник по физичко и здравствено образование

**IV – Подрачје - Управување, раководење и креирање политика:** Светлана Нојковска - наставник по руски јазик - координатор**,** Маја Цветановска - оделенски наставник**,** Даниела Јовановска Николовка - наставник по биологија и хемија**,** Гоце Николовски - наставник по информатика.

Конечната одлука за комисијата ја одобри Училишниот одбор на седницата бр. 02-307 од 05.06.2024год.

Прашалниците за прибирање на податоци од учениците, родителите и наставниот кадар се преземени од Водичот за самоевалуација и прилагодени од страна на педагогот на училиштето Андријана Митковиќ, а за дистрибуција, прибирање, сумирање и обработка на добиените податоци беше задолжен тим од координаторите на секое подрачје.

Работните групи успешно и навреме го завршија процесот на самоевалуација. Истите имаа неколку состаноци и повеќе консултации со комисијата за СЕУ, како и меѓусебни консултации во рамки на групите за побрзо и поефикасно спроведување на самоевалуацијата.

Директорот на училиштето на Комисијата и работните групи им ги достави на увид сите записници и други податоци од работата на училиштето.

На ниво на секое подрачје од страна на работните групи беа утврдени клучните јаки страни, беа согледани слабостите врз основа на што е направена анализа на состојбата и се предложени идни активности, односно приоритетни подподрачја (оддели) во рамките на секое подрачје кои може да бидат вклучени како Анекс на Планот за развој на училиштето, односно Развојната програма на училиштето за период од 2024 – 2028 година.

## Вовед

Континуираното оценување на квалитетот на работењето на училиштето е суштинско за подобрување на постигањето на училиштата. Тоа ни дава поттик и ни овозможува преку различни инструменти, постапки и ресурси да ги испитаме нашите наставни практики, административните процедури, постигнувањата и целокупната училишна култура. Ни помага да ги идентификуваме областите во кои напредуваме и оние кои треба да ги подобриме за да обезбедиме квалитетно образование за нашите ученици. Во суштината на овој процес е вклучувањето на сите чинители во училиштето. Преку самопроцена, меѓусебна процена и заедничко планирање на подобрувањето, можеме да ги искористиме нашите силни страни и да одговориме на предизвиците.

Унапредувањето на училиштето е цикличен процес за проверување, планирање, менување и повторно проверување на состојбите во училиштето. Основна цел на унапредувањето на училиштето е да се намалат разликите помеѓу очекуваните постигања и постигањата остварени со постоечката практика на училиштето. Може да се постигне така што ќе се работи на „истите нешта, но подобро“ (квалитативна промена) или „на понаков начин“ (иновација). Всушност, унапредувањето на училиштето се темели на постојано следење на квалитетот на неговата работа, односно на постојано проверување дали и во колкав степен, но и со каков квалитет планираните цели се реализирани. Самоевалуацијата на училиштето е колаборативен, инклузивен и рефлективен процес преку кој училиштето ја вреднува сопствената практика и сопствената работа, тргнувајќи од анализата на тоа што е планирано и направено и како е направено, односно процес низ кој училиштето добро се запознава самото себе и ги пронаоѓа најдобрите начини за унапредување на својата работа. Овој процес вклучува континуирано следење, анализирање и проценување на успешноста на работата на училиштето, првенствено на квалитетот на поучување и училишната клима, водејќи сметка за најдобриот интерес на секој ученик. Се темели на пристап заснован на докази од разни извори и судови од различни чинители, со цел да се донесат релевантни мерки за подобрување на учењето и постигнувањата на учениците. Самоевалуацијата се користи како процес за јакнење на капацитетите на училиштето со цел за напредок, развој и успех на сите чинители на воспитно-образовниот процес.При изготвување на самоевалуацијата на нашето училиште Комисијата и Тимовите по релевантните подрачја се придржуваа целосно кон упатствата и ги почитуваа принципите содржани во Водичот за самоевалуација.

Подрачја, индикатори и теми за самоевалуација на училиштето

| ПОДРАЧЈЕ 1. ПЛАНИРАЊЕ, НАСТАВА И УЧЕЊЕ | | |
|---|---|---|
| **број** | **Индикатор** | **Теми** |
| 1.1 | Планирања на наставниците | • Поддршка и следење на планирањата на наставниците<br>• Размена на искуства и на информации при планирањето |
| 1.2 | Наставен процес | • Реализација на наставни планови и програми<br>• Избор на наставни предмети<br>• Избор на задачи, активности и на ресурси<br>• Интеракција меѓу наставниците и учениците и учениците меѓусебно<br>• Реализација на образовна инклузија<br>• Активности за меѓуетничка интеграција во образованието |
| 1.3 | Искуства на учениците од учењето | • Средина и атмосфера за учење<br>• Идентификување и задоволување на различните образовни потреби на учениците |
| 1.4 | Оценувањето како дел од наставата | • Училишна политика за оценување<br>• Методи, форми и инструменти на оценување<br>•Коефициент на континуитет на успехот на учениците• Користење на информациите од оценувањето во наставата |
| 1.5 | Воннаставни активности и натпревари | • Обем и разновидност на планираните и реализираните воннаставни активности<br>• Опфатеност на учениците од различен пол и јазик на наставата со воннаставните активности<br>• Вклученост на учениците во изборот и во планирањето на работата во воннаставните активности<br>• Натпревари |
| **2 ПОДРАЧЈЕ: ПОСТИГАЊА НА УЧЕНИЦИТЕ** | | |

| | | |
|---|---|---|
| 2.1 | Постигања на учениците | • Следење на постигнувањата на учениците од различен пол и јазик на наставата според наставни предмети и според квалификацискипериоди<br>• Резултати од екстерни тестирања<br>• Идентификување и поддршка на учениците со тешкотии во учењето, на надарените ученици и на учениците со попреченост<br>• Известување на родителите/старателите за постигнувањата на учениците |
| 2.2 | Мерки за подобрување на постигањата | • Редовност во наставата<br>• Советување родители/старатели и ученици<br>• Подобрување на постигнувањатана учениците преку редовната и дополнителната настава |
| **3 ПОДРАЧЈЕ: УЧИЛИШНА КЛИМА И ОДНОСИ ВО УЧИЛИШТЕТО** | | |
| 3.1 | Училишна клима | • Углед/имиџ на училиштето<br>• Кодекс на однесување<br>• Училишна клима<br>• Поведение и дисциплина во училиштето<br>• Учество на учениците во донесувањето одлуки и решавањето проблеми |
| 3.2 | Еднаквост и правичност | • Познавање и почитување на правата на децата<br>• Еднаков и правичен третман на сите ученици |
| 3.3 | Партнерски однос со заедницата | • Соработка на училиштето со родителите/старателите<br>• Соработка со општината и со урбаната заедница |
| 3.4 | Севкупна грижа за учениците | • Превенција и заштита од насилство<br>• Заштита од пушење, алкохол и дрога<br>• Квалитет на достапна храна<br>• Хигиена и заштита од болести<br>• Грижа за безбедноста на учениците и вработените |

| | | |
|---|---|---|
| | | • Грижа за учениците од социјално загрозени семејства<br>• Грижа за учениците со здравствени проблеми<br>• Грижа за социо-емоционалната добросостојба на учениците<br>• Давање помош при изборот за продолжување на образованието |
| **4 ПОДРАЧЈЕ: УПРАВУВАЊЕ, РАКОВОДЕЊЕ И КРЕИРАЊЕ ПОЛИТИКИ** | | |
| 4.1 | Управување ираководење со училиштето | • Управување со училиштето<br>• Раководење со училиштето<br>• Управување и раководење со ресурсите<br>• Раководење со кадарот<br>• Следење и унапредување на наставниот процес |
| 4.2 | Цели и креирање на училишната политика | • Процедури за креирање на училишната политика<br>• Резултати од развојно планирање<br>• Планирање и управување со училишниот буџет |

**Самоевалуација на училиштето: ООУ Христијан Тодоровски Карпош“ с.Драгоманце**

## Подрачје 1: Планирање, настава и учење

| **Собирање податоци** | | |
|---|---|---|
| **Индикатор 1.1 Планирања на наставниците** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| ❖ Годишна програма на училиштето учебна 2022/2023 и 2023/2024;<br>❖ Закон за основно образование; | Поддршка и следење на планирањата на наставниците | Применуваните наставни планови и програми се во согласност со донесените програмски документи од Министерство за образование и наука. Наставните планови и програми се реализираат во пропишаниот обем, со процент на реализација над 98%. Разликите што се присутни се однесуваат на неможноста за реализација на некои часови (пр.: посета на институции оддалечени од селото, |

| | | |
|---|---|---|
| ❖ Статут на училиштето;<br>❖ Програма за професионален развој;<br>❖ Записници од наставнички и одделенски совети;<br>❖ Годишни и тематски планирања по наставни предмети и дневни планирања за учебна 2022/2023 и 2023/2024 година;<br>❖ Формулари за следење наставни часови;<br>❖ Интервју со стручната служба;<br>❖ Прашалник за наставен кадар<br>❖ Интервју со директор<br>❖ Чек листи за следење на часови;<br>❖ Стручна служба (годишни извештаи за изминатите две учебни години);<br>❖ Стручни активи | | мал број на ученици во паралелките, слаба материјална состојба на семејствата од кои потекнуваат учениците и сл.). Наставните планови и програми се според новата Концепција за основно образование и тоа во учебната 2022/2023 година се опфатени I, II, IV и V а III, од VI до IX одделение реализраа настава по стара програма. Во учебната 2023/2024 се опфатени и III и VI одделние додека VII, VIII и IX се реализираа настава според старата наставна програма.<br><br>Програмите се реализираат со сите ученици, но барањата се прилагодуваат спрема способноста на учениците. Предметите кои се предаваат од прво до деветто одделение се задолжителни и донесени од Министерството, а учениците можат да бираат само изборни предмети.<br><br>Во анкетата која е спровдедена со Прашалник за наставен кадар анкетирани се 19 наставници и се имаа изјаснето:<br><br>**1.1 Добивам навремена обука за примена на современи методи и техники на планирање на наставата -** Поголем број од наставниците се согасуваат дека добиваат навремена обука за примена на современи методи и теники при планирање на наставата<br><br>Во текот на наставната година најмалку два пати се следат планирањата на наставниците од страна на директорот, стручните соработници и/или од лица назначени од стручните органи. Има утврдени процедури за следење и давање поддршка за подобрување. Стручната служба има изготвено формулари во кои има дескриптори според кои следи конкретни часови, определени по распоред на секој од наставниците. Часовите ги следат: педагогот, психологот, директорот и заменик директорот. На прашање од анкета одговорено е:<br>**1.2 Директорот и стручната служба ги следат моите планирања најмалку два пати во полугодието** од 19 анкетирани наставници - Поголем број од наставниците целосно се согласуваат дека директорот и стручната служба ги следат моите планирања најмалку два пати во полугодието.<br><br>Службата дава повратна информација на наставниците преку консултативни разговори со јасни насоки кои работи треба да се променат, а кои работи се добри. Во прашалникот за наставен кадар - **1.3 Добивам поддршка од** |

| | | |
|---|---|---|
| (записници од одржани состаноци на актив);<br>❖ Наставници (годишни програми, неделни и дневни планирања).<br><br>❖ Годишна програма на училиштето;<br>❖ Состаноци на стручни активи;<br>❖ Тим за професионален развој;<br>❖ Наставници (годишни програми, неделни и дневни планирања);<br>❖ Обуки;<br>❖ Консултативни средби;<br>❖ Соработка на ниво на подактиви;<br>❖ Прашалник за наставен кадар | | **директорот и/или стручната служба при изготвување на планирање за мојот наставен предмет/предмети** анкетираните (19) наставниците се изјаснија - Поголем број од наставниците се согласуваат дека добиваат поддршка од директорот и стручната служба при изготвување на планирање за мојот наставен предмет.<br><br>Во рамките на активите, се одржуваат состаноци во кои наставниците ги споделуваат искуствата и имаат консултативни средби и во рамките на подактивите. Во прашалникот за наставен кадар по прашањето **1.4 Во рамките на стручните активи разменуваме искуства за планирањето на часовите, најмалку два пати во полугодието** од 19 анкетирани наставници добиен е следниот одговор - 1.4 Поголем број од наставниците се согласуваат дека во рамки на стручните активи разменуваат искуства за планирањата на часовите, најмалку 2 пати во полугодие.<br><br>Училиштето обезбедува навремена обука на наставниците и стручните соработници за примена на современи методи и техники на планирање на наставата. По спроведените обуки, обучениот кадар редовно врши дисеминација на останатите наставници и стручни соработници.<br>Според интервјуто на фокус – група на наставници училиштето треба да одбира кои обуки да ги спроведе преку анкети на наставниците кои треба да се изјаснат кои обуки ним им се потребни (да се земат предвид различните потреби од обуки) и преку анализа на планот за личен развој. |
| | | Наставниците најмалку два пати во полугодие разменуваат искуства за планирањата во рамки на стручните активи, користат стручни искуства од различни медиуми и од регионална соработка со други училишта.<br>Планирањата кај најголем број од наставниците се подобрени како резултат на размената на искуства и користење стручни искуства од различни медиуми, од регионална соработка со други училишта и др.<br>Според годишната програма на активот за одделенска настава во текот на годината одржани се 5 состаноци. Активот на предметни наставници одржал 10 состаноци за една учебна година. |

| | | |
|---|---|---|
| | | Професионалниот развој подразбира секојдневно професионалено и лично растење на поединецот, процес кој подразбира здобивање со нови знаења, вештини, способности и стратегии во соодветните области и оспособување за примена на новостекнатите знаења. Активностите за професионален развој освен од личниот интерес и потребите на самиот наставник, зависат и од потребите на самото училиште и понудите од БРО, МОН и други невладини организации кои работат на проекти од образованието. Активностите за професионален развој ќе се остварат преку реализација на програмата за професионален развој. Прибирање и разгледување на информации за можностите за професионален развој на национално ниво (стручна литература, акредитирани програми за стручно усовршување, семинари), дисеминација, во поглед на тоа редовно се врши дисеминација на стекнати знаења и компетенции од посетени обуки. |
| **Индикатор 1.2 Наставен процес** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| ❖ Закон за основно образовние;<br>❖ Статут на училиштето;<br>❖ Наставници;<br>❖ Стручна служба;<br>❖ Интервју со психолог;<br>❖ Интервју со | Реализација на наставни планови и програми | Законот за основно образование децидно ги пропишува критериумите и начинот на остварување на воспитно-образовната дејност. Законот за основно образование и правилниците за работа се Национални документи кои се донесени во согласност на МОН и БРО и ја претставуваат законската рамка во која работи училиштето, наставниот кадар и по кои се одвива воспитно-образовната дејност. Статутот подетално ја регулира работата на училиштето. ООУ „Христијан Тодоровски Карпош“ с. Драгоманце, општина Старо Нагоричане е централно училиште и во рамките на истото работат и две ПУ во с. Пелинце и с. Арбанашко. Минатата учебна 2022/2023 год. работеше и ПУ во с. Челопек кое беше затворено и учениците своето образование го продолжија во централното училиште. Во училиштето се вклучени и ученици со посебни образовни потреби во редовниот образовен систем, но со нив се работи според индивидуални образовни планови и програми кои се изработуваат според потребата, а наставниците индивидуално ги изработуваат. |

| | | |
|---|---|---|
| директор;<br>❖ Прашалник за наставен кадар<br>❖ Електронски дневник. | | Наставните планови и програми училиштето ги реализира според Календарот за тековната година доставен од МОН, според кој потоа се планира распоред за работа на почетокот на учебната година.<br>Наставата во одделенска настава и по сите наставни предмети се реализира редовно и во пропишаниот обем. Во случај на отсуство на наставник (породилно отсуство, боледување или сл.) наставата се одвива непречено со соодветен наставен кадар.<br>Директорот на училиштето обезбедува непречен наставен процес. Кога некој од колегите е отсутен, се обезбедува соодветна замена.<br>Стручната служба пред почетокот на наставната година ги проверува годишните планирања на наставниците, ги дополнува и изменува онаму каде што е потребно и дава насоки како да се подобрат.<br>Стручната служба и одделенските раководители го следат внесот на податоци во електронските дневници и алармираат кај колегите кои заостануваат со пишувањето.<br>Од записниците на одделенските совети и родителските средби се констатира континуираната грижа за учениците, реализацијата на Наставниот план и програма, соработката со родителите и локалната средина. |
| ➢ Директор;<br>➢ Стручна служба;<br>➢ Водич за слободни изборни предмети; | Избор на наставни предмети | Наставните предмети кои се задолжителни се реализираат според Наставниот план кој е пропишан од МОН и БРО според Концепција за основно образование и Кембриџ програмата (7, 8 и 9) во учебната 2023/2024 година. Изборните/слободните изборни активности и предмети се во согласност со наставните планови и програми, Водичот за слободни изборни предмети во основното образование и со пропишаните процедури во училиштето во кои се содржани интересите на учениците.<br>Стручната служба ја следи процедурата за изборните предмети. Ја спроведува со анкетни листови и ги сумира податоците. Според тоа се прави распоредот за наставниците.<br>Во интервјуто со фокус-групата со ученици најголемиот дел од учениците се изјасниле дека имаат можност да изберат предмет,<br>На исказот: Сам/а ги имам избрано слободните изборни активности и предмети |

- Годишна програма;
- Прашалник за родители
- Прашалник за ученици

| | | |
|---|---|---|
| | | во кои учествувам според моите интереси поголем дел се изјасниле дека целосно се согласуваат.<br>Изборните/слободните изборни активности и предмети се во согласност со наставните планови и програми, Водичот за слободни изборни предмети во основното образование и со пропишаните процедури во училиштето во кои се содржани интересите на учениците.<br>Во анкетата во која се анкетирани 25 родители добиени се следните резултати:<br>1.1 Најголем број од родителите потполно се согласија дека во текот на учебната година, нивното дете ги има сите наставни часови, согласно распоредот.<br>1.2 Поголем број од родителите се запознаени со листата на изборни/слободни изборни предмети и активности.<br>1.3 Поголем број од родителите целосно се согласуваат дека изборните предмети/активности нивното дете ги има изберено согласно своите интереси<br><br>Во анкета се анкетирани 20 ученика од четврто до девето одделние добиени се овие резултати:<br><br>1.1 **На часовите имам можност да учам на различни начини (на пр. преку проекти, преку игра, преку истражување и сл.)** Поголем број од учениците се изјасниле дека имаат можност да учат на различни начини.<br>1.2 **Сам/ сама ги имам избарано слободните изборни активности и предмети во кои учествувам според моите интереси** –поголем дел од учениците се изјасниле дека целосно се согласуваат. |
| | Избор на задачи, активности и на ресурси | Сите наставници, задачите и активностите ги приспособуваат на индивидуалните образовни потреби на учениците. Притоа, наставниците користат различни приоди и ресурси за учење и настава, не ограничувајќи се исклучиво на учебници и дополнителна прирачна литература. Расположливите ресурси се употребуваат на функционален начин користејќи современи приоди во наставата како: искуствено учење, учење преку проект, учење преку |

| | | |
|---|---|---|
| | | решавање проблеми, учење преку игра, учење преку истражување, примена на дигитални алатки и програми итн. За учениците со ПОП се користат методи и техники според нивните потреби.<br>Специјалниот едукатор и рехабилитатор на училиштето дава поддршка на наставниците при изработка на ИОП и низ консултативни средби. Во класовите со ученици со посебни потреби се вклучува по потреба во образовниот процес.<br>Во прашалникот за наставниот кадар, наставниците се изјаснија дека задачите и активностите ги приспособуваат на индивидуалните образовни потреби на учениците и дека во наставата користат различни ресурси за учење и настава. |
| ❖ Наставници;<br>❖ Стручна служба;<br>❖ Интервју со дефектолог<br>❖ План за слободни ученички активности;<br>❖ Воннаставни активности;<br>❖ Анкета за ученици;<br>❖ <u>Прашалник за наставен кадар</u><br>❖ <u>Фокус група на наставници</u> | Интеракција меѓу наставниците и учениците и учениците меѓусебно | Сите наставници се однесуваат со учениците на начин што промовира прифаќање, почитување, соработка и разбирање. Најголемиот број наставници обезбедуваат еднакви можности за вклучување и ги вклучуваат сите ученици за време на наставните часови.<br>Во анкетата за ученици најголем дел од учениците велат дека на часовите можат да кажат слободно што мислат. Најголем дел од учениците велат дека наставниците ги пофалуваат за нивниот труд.<br>Во прашалникот за наставници, наставниците се изјаснија дека учениците честопати работат на начини кои подразбираат интеракција меѓу нив.<br>Во разговорот со фокус-групи произлезе дека наставниците имаат потреба за обуки во кои ќе научат игровни активности, мултимедија и едукативни компјутерски игри кои ќе ја подобрат интеракцијата.<br>Најголем број од учениците одговориле дека часот се одвива во пријатна атмосфера, но потребно е почесто да се применуваат поразлични методи и техники на работа. |
| ❖ Програма на инклузивен тим;<br>❖ Интервју со дефектолог;<br>❖ ИОП; | Реализација на образовна инклузија | Инклузивниот тим на училиштето и инклузивниот тим на ученикот се формирани со Решение/Одлука на директорот на училиштето. Истите редовно се ажурираат при истекот на мандатот или промена на наставници на ученикот со ПОП. Инклузивниот тим обезбедува поддршка за изработка на ИОП по сите наставни предмети, согласно законската регулатива.<br>За учениците кои се категоризирани се изготвуваат ИОП, додека со останатите ученици коишто имаат тешкотии во совладувањето на наставниот материјал се |

| | | |
|---|---|---|
| ❖ Прашалник за наставен кадар<br>❖ Индивидуален план за подобрување на инклузивноста во училиштето;<br>❖ Мислење за ученик со ИОП од страна на стручната служба;<br>❖ Евалуации од страна на наставниците за ИОП на ученик со посебни образовни потреби. | | работи преку прилагодувањето на формите и методите за работа. Еден ученик со посебни образовни потреби работи со асистент кој е финансиран од ОУРЦ “Иднина” од Скопје. Во училиштето има вработен и дефектолог кој им пружа дополнителна поддршка на учениците со попреченост. Уште неколку ученика со посебни потреби кои работат со ИОП се без асистент и 1 ученик по модифицирана програма е без асистент. (образовен или личен асистент).<br><br>Учениците со попреченост кои имаат потреба од лична и/или образовна асистенција се идентификуваат навремено и се доставува барање за соодветна поддршка. Наставниот кадар успешно соработува со образовните асистенти со цел најдобар интерес на ученикот.<br>Инклузивниот тим работи на професионалната ориентација за децата со посебни образовни потреби.<br>Училиштето располага со мал број на асистивна технологија. Дел од кадарот не е обучен да работи со асистивна техологија, вклучувајќи го и стручните соработници, дефектолог.<br>Училиштето нема рампа ниту лифт. Во тоалетите нема адаптација за ученици со физички попречености. |
| ❖ Акциски план Тимот за училишна интеграција;<br>❖ Интервју со координаторот на тимот за меѓуетничка интеграција;<br>❖ Меморандуми за соработка;<br>❖ Извештаи од реализирани МИО активности;<br>❖ Прашалник за наставен кадар;<br>❖ Интервју со фокус групи на наставници; | Активности за меѓуетничка интеграција во образованието | ТУИ (Тимот за училишна интеграција) го спроведува акцискиот план за следење на реализацијата на активностите за МИО планирани во ГПРУ и за тоа подготвува квартални, полугодишни и годишни извештаи ТУИ нема никаква координација со Комисијата за МИО при локалната самоуправа за спроведување на општинските активности од Стратегијата за МИО и младински активизам.<br>ТУИ редовно ги пополнува анкетните прашалници за потребите на Комисијата за унапредување на МИО при МОН, а примерок од пополнетиот прашалник се архивира во портфолиото за МИО. Мал број од наставниците се изјасниле дека целосно се согласуваат дека реализираат МИО активности со учениците според претходно направен план, а најголем број дека се согласуваат со таа изјава. Одделенските раководители во текот на годината во рамките на часот на одделенската заедница реализираат три работилници поврзани со мио-теми. Оние што не се раководители планираат и реализираат по три во рамките на нивните предмети. |

| | | |
|---|---|---|
| | | |

| **Индикатор 1.3 Искуства на учениците од учењето** | | |
|---|---|---|
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| ❖ Анкетен лист;<br>❖ Атмосферата во училницата;<br>❖ Индивидуални усни разговори со наставници и ученици;<br>❖ Разговор со стручна служба. | Средина и атмосфера за учење | Учениците и родителите го доживуваат училиштето како безбедна, стимулативна, инклузивна, интеркултурна и мотивирачка средина, што поттикнува интерес заучење. Учениците во училиштето имаат пристап до различни материјали за учење. Учениците сметаат дека начинот на кој се учи на најголем број од часовите во училиштето е интересен и содржините што им се пренесуваат ги оспособуваат зарешавање проблеми во реалниот живот и за граѓанско учество. За време на часовите, најголем број од учениците се поттикнати самостојно и критички да мислат, да поставуваат прашања и да изведуваат заклучоци за она што го учат. Наставниците даваат афирмативни коментари за активностите на ученикот, а не ги искажуваат слабите страни на учениците пред други ученици. Наставниците користат различни начини за мотивирање на учениците.<br><br>Учениците сметаат дека училиштето низ организирани форми поттикнува и мотивира соработка меѓу учениците, негува интеркултурна комуникација и почитување на различностите.<br>Учениците заеднички работат на различни проекти, во и надвор од наставата, во групи со хетероген состав. Учениците се чувствуваат прифатени, задоволни и среќни во паралелката и училиштето.<br>Изработените ученички трудови се изложуваат на ѕидовите на училниците, паноа во холот на училиштето, видео презентации, официјалната веб страна и фејсбук страна на училиштето, ликовни изложби, литературни читања, ѕидни весници што се организираат тековно во годината по обработка на определени теми, ликовни изложби по повод одбележување на значајни датуми, како што се Детската недела, Нова година, Велигден, работилница за 8ми март , 21 Март - Ден на пролетта и ден на еколошки акции, Денот на шегата, Патрониот празник |

| | | |
|---|---|---|
| | | на училиштето, 24 Мај–Ден на словенските просветители, Новогодишен продажен базар, Меѓународен ден на храната под мото „Здрава храна“, Маскенбал по повод Ден на вештерките и др. Изложените трудови подеднакво ги претставуваат и двата пола. Не се прави разлика ниту по национална основа, но се забележува дека при изложувањето на трудовите на изложбите организирани по значајни датуми најчесто се изложуваат најуспешните и највредните.<br>Во тежнеење да се спроведе активната настава (активно учење) интерактивно се позастапени методите со кои се вклучуваат учениците во самостојно учење и осознавање. Учениците главно се мотивираат да преземат лична одговорност, самостојно да размислуваат и активно да учествуваат во учењето и наставата, со тоа што активно учествуваат на часовите во усвојување на нови знаења до презентирање на делови од нови содржини или цели содржини. Изработуваат проекти (македонски јазик), плакати ( математика), ѕидни весници (унапредување на здравјето, руски јазик), истражувања за одредена проблематика (биологија), изнаоѓање и прибирање на разновидни податоци од секојдневниот живот (македонски јазик, физика, географија), од средината во која живеат. Учениците сметаат дека имаат можност да го искажуваат своето мислење и тоа да биде сериозно земено предвид при решавањето проблеми и одлучувањето во реализација на еколошките проекти и точки на акции од воспоставените еко-стандарди.<br>**1.9 Училиштето го чувствувам како мотивирачка средина за моето дете -** Поголем број од родителите се изјасниле дека училиштето го чувствуваат како мотивирачка средина за нивното дете.<br>**1.10 Моето дете во училиштето има пристап до различни материјали за учење** (на пр. Енциклопедии, списанија, интернет, модели) – голем број од родителите се изјасниле дека нивното дете во училиштето има пристап до различни материјали за учење (на пр. Енциклопедии, списанија, интернет, модели) |
| ❖ Анкетен лист;<br>❖ Атмосферата во училницата;<br>❖ Индивидуални усни разговори | Идентификување и задоволување на различните образовни потреби на учениците | Стручните соработници во соработка со наставниот кадар, на почетокот на учебната година, преку прашалници ги идентификуваат учениците со потешкотии и надарени и талентирани ученици. |

| | | |
|---|---|---|
| со наставници и ученици;<br>❖ Разговор со стручна служба. | | Учениците кои имаат документ од МКФ се ученици кои се категоризирани и работат со ИОП, кој го изготвуваат наставниците во соработка со стручните соработници.<br>Во текот на наставната година одделенските раководители во посебни извештаи ги идентификуваат и учениците од социјално загрозени семејства. |
| **Индикатор 1.4 Оценувањето како дел од наставата** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| ❖ Метод и форми за оценување;<br>❖ Разговор со претставници на Стручната служба;<br>❖ Програма за работа на училиштето<br>❖ Правилник за оценување и напредување на учениците;<br>❖ Интерен правилник за оценување;<br>❖ Увид во педагошката | Училишна политика за оценување | Оценувањето се врши според законските норми и прописи кои го регулираат оценувањето на ученикот во училиштето. Членовите на Стручната служба се произнесоа дека во процесот на оценување на учениците се користат предвидените методи и форми и дека тој процес се спроведува според дадени критериуми. Наставниците го користат и методот на самооценување и меѓусебно оценување кај учениците како и ученички портфолија за секој ученик (95%). Учениците и родителите редовно се информирани за постигнувањата на учениците. Постигнувањата и успехот на учениците се евидентираат во Евидентни листови, во Е – дневник и во Главна книга, кои се водат редовно и навремено (97%).<br>Давањето домашни задачи на учениците влијае за подобрување на успехот, а исто така и учеството на натпревари на учениците и нивните наставници – ментори е мотивирачко за поголеми резултати и подобар кариерен развој на наставниците. |
| | Методи, форми и инструменти за оценување | Наставниците користат најразлични форми, методи и инструменти за оценување на учениците како што се: формативно оценување, усна повратна информација, чек листи, листи за следење, метод на истражување, илустративен метод, метод на набљудување, самооценување на учениците итн. |

| | | |
|---|---|---|
| евиденција и документација;<br>❖ Користените инструменти за оценување;<br>❖ Користење на информациите од оценувањето во наставата;<br>❖ Записници од стручните активи, наставничкиот совет;<br>❖ Интервју со директорот и стручната служба;<br><br>❖ Анкети/интервјуа со учениците, наставниците и родителите;<br>❖ Инструменти за индивидуализи | Коефициент на континуитет на успехот на учениците | Голем број од наставниците ги пофалуваат учениците за постигнатите резултати.<br>Голем број од наставниците на учениците им кажуваат што добро научиле а што треба дополнително да научат за да ги постигнат сопствените очекувања.<br>Голем број до наставниците ги запознаваат учениците што треба да знаат и умеат за секоја од оценките.<br>Поголем број од наставниците целосно се согласуваат дека на учениците им даваат насоки како поуспешно да учат.<br><br>Поголем број од наставниците се согласуваат дека применуваат различни начини на оценување на учениците.<br>Поголем број од учениците се изјасниле дека наставниците однапред им објаснуваат што треба да знаат за секоја оцена.<br>Поголем број од учениците се изјасниле дека наставниците им објаснуваат зошто добиле одредена оцена.<br>Поголем број од учениците се изјасниле дека оценувањето на сите ученици е праведно.<br>Поголем број од учениците се изјасниле дека наставниците редовно ги известуваат за постигнувањата и начините за нивно подобрување.<br>Поголем број од учениците се изјасниле дека наставниците користат различни начини за проверка на знаењата.<br><br>Голем брјој од наставниците одговорил дека редовно ги пофалуваат учениците за постигнатите резултати.<br>Голем број од наставниците одговориле дека редовно ги пофалуваат учениците за вложениот труд.<br>Голем број од наставниците им кажуваат што добро научиле а што треба дополнително да научат за да ги постигнат сопствените очекувања.<br>Голем број од наставниците се изјасниле дека на учениците им даваат насоки како поуспешно да учат.<br>Голем број од наставниците се изјасниле дека редовно ги вклучуваат учениците во оценувањето (самооценување, меѓусебно оценување, градење критериуми и сл.).<br><br>Голем број од родителите се изјасниле дека наставниците го пофалуваат |

| | | |
|---|---|---|
| рани начини на проверка. | | нивните деца за вложениот труд.<br><br>Голем број од родителите се изјасниле дека наставниците даваат насоки како нивното дете подобро да учи. |
| | | |
| **Индикатор 1.5 Воннаставни активности и натпревари** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| ❖ Годишна програма за работа;<br>❖ Програми за воннаставни активности;<br>❖ Дневни подготовки и планови за реализација на воннаставните содржини;<br>❖ Дневници за работа;<br>❖ Програма за соработка со локалната заедница<br>❖ Програма на ученичката заедница;<br>❖ Програма за здравствена заштита и производна и општествено корисна работа; | Обем и разновидност на планираните и реализираните воннаставни активности | Училиштето има изготвено посебни програми за реализација на воннаставните активности кои се реализираат во текот на целата учебна година според предвидените рамки и во согласност со можноста за реализација.<br>Училиштето се грижи за задоволување на потребите на учениците од аспект на учество на натпревари и конкурси во земјата и надвор, културни и рекреативни активности;<br>Во изготвувањето на програмата учествуваат и претставници од ученичката заедница со свои предлози и идеи.<br>Во годишната програма исто така се изготвуваат и планирања за активности од општествено корисна работа на учениците.<br>При реализацијата на воннаставните активности се изработуваат и дневни подготовки во кои се опишани содржините и целите на активностите.<br>Во реализацијата на планираните активности учествува и ЕЛС со свои претставници во зависност од полето на активноста.<br>Програмата за соработка со локалната заедница се реализира заедно со Службите во општината и се однесува на: одбележување на значајни датуми, локални манифестации, културни настани, посети, јубилеи и др.<br>Соработката со локалната заедница се реализира и на институционално поле преку посети и редовна соработка со институции од обласа на Здравството, Труд и социјална политика, Дом на културата и други институции значајни за секојдневното живеење.<br>Грижата за здравствената заштита на учениците се остварува преку редовни превентивни систематски прегледи во Стоматолошката амбуланта во Детски |

| | | |
|---|---|---|
| ❖ Програма за работа на Советот на родители;<br>❖ Разговор со претставници на Стручната служба;<br>❖ Извештај од реализирани екскурзии;<br>❖ Педагошка евиденција и документација;<br>❖ Дипломи, признанија, пофалници од учество на манифестации и натпревари;<br>❖ Интервјуа/анкети со наставници, родители, ученици и стручните соработници<br>❖ Интервју со директорот<br>❖ Записници од стручни активи и ученичка заедница;<br>❖ Увид во веб-страницата, весниците, програмата на радио, социјалните мрежи. | | Диспанзер во Куманово, систематски прегледи во Здравствен дом во градот, активности со Црвен Крст и едукативни предавања на теми од областа на здравствената заштита.<br>Советот на родители е вклучен во планирање и реализација на вонпаставните активности преку своја програма за работа во која се предвидени истите и во корелација со претставници во Советот од секоја паралелка како и од посебните паралелки во училиштето.<br>Во училиштето се спроведуваат различни воннаставни активности како што се еднодневни екскурзии, излети, училишни спортски клубови, секции, акции од хуманитарен карактер, детски организации, подмладокот на Црвен крст. Сето тоа влегува во годишната програма за работа во училиштето.<br>Поголем број од наставниците се изјасниле дека планот за воннаставни активности го изготвуваат заедно со учениците<br>Поголем број од родителите се изјаснил дека училиштето нуди избор на различни воннастани активности (клубови, проекти и сл.)<br>Поголем број од родителите се изјасниле дека нивното дете е вклучено во воннаставни активности, според неговиот интерес. |
| | Опфатеност на учениците од различен пол и јазик на наставата со воннаставните активности | Се планираат и реализираат заеднички работилници на ученици со вклученост и на родители за одбележување на значајни датуми, спортски активности, екскурзии и сл.<br>Ученичката заедница ја реализира својата програма преку разни активности поврзани со наставата и воннаставните активности во корелација со локалната средина со што учениците добиваат можности за дружење по разни поводи, приредби, празници и др. манифестации на локално ниво. |

| | | |
|---|---|---|
| | Вклученост на учениците во изборот и во планирањето на работата во воннаставните активности | За реализација на воннаставните активности се следат потребите и интересите на учениците (преку анкети), во кои се изјаснуваат за таа цел. Содржините од воннаставните активности се евидентираат на посебна страна во Дневниците на паралелките.<br>Поголем број од учениците се изјасниле дека имаат избор на различни воннаставни активности.<br>Поголем број од учениците се изјасниле дека се вклучуваат по сопствен избор во воннаставните активности.<br>Поголем број од учениците се изјасниле дека наставниците ги вклучуваат во подготвувањето и планирањето на воннаставните активности.<br>Поголем број од учениците се изјасниле дека биле вклучени во активности заедно со ученици од други култури. |
| | Натпревари | **Ученички натпревари, конкурси, приредби, манифестации 2022/2023 год.**<br><br>Ученичките натпревари во текот на годината ги опфаќаа активностите преку кои беа презентирани постигањата на учениците во наставата и воннаставните подрачја. Овие натпревари се организираа на ниво на училиштето и тоа низ следните форми: натпревари меѓу поединци во рамките на паралелката, натпревари меѓу екипи на ниво на одделение, натпревари меѓу екипи по одредени наставни предмети на ниво на училиштето. Исто така учениците учествуваа на натпревари и со други училишта во нашата општина и пошироко. |

| Име и ранг на натпреварот, манифестацијата, конкурсот и сл. (училишен, општински, регионален, државен..) | Организатор | Име и презиме на ученици / учесници | Одд. | Освоено место | Ментор |
|---|---|---|---|---|---|
| Општински натпревар по англиски јазик - 21.03.2023 | ЕЛТАМ | Дамјан Павловски | VIII | 90 поени | Илка Пандиловска Димитријевска |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Регионален натпревар по англиски јазик - 08.04.2023 | ЕЛТАМ | Дамјан Павловски | VIII | II место | Илка Пандиловска Димитријевска |
| Државен натпревар по англиск јазик - 06.05.2023 | ЕЛТАМ | Дамјан Павловски | VIII | учество | Илка Пандиловска Димитријевска |
| Рецитаторски конкурс по повод роденденот на Александар Сергеевич Пушкин | Руски центар Скопје | Мелани Бранковска | VIII | II место | Светлана Нојковска |
<tr><td></td><td colspan="2">176</td><td colspan="2">1632</td></tr>
</table>
</td></tr>
<tr><td>Советување на родители/старатели и ученици</td><td>Програмата за советување на родители и ученици се реализира согласно Законот за основно образование од страна на психологот на училиштето. Бидејќи ние сме училиште со мал број на ученици во советувањето се вклучени мал број на родителите и учениците и советувањето најчесто се одвива во мали групи или индивидуално.<br>Во текот на првото полугодие од учебната 2022-2023 година во Програмата за советување беше вклучен 1(еден) родител и 1(еден) ученик одIX (деветто) одделение по основ на нередовно посетување на наставата, неисполнување на училишните обврски, како и поради недолично и насилно однесување. Работата со родителите и учениците се реализира и преку други форми на соработка, како што се индивидуални и групни разговори, на одделенските раководители и стручната служба, консултации, родителски состаноци, како и преку работа на Советот на родители.<br>Истиот родител и ученик беа вклучени во програмата за советување и до крајот на учебната 2022-2023 година.</td></tr>
</table>

| | | |
|---|---|---|
| -Записници од родителски средби | | Во програмата за советување учебната 2023-2024 година беа вклучени 1 (еден) родител  и 1 (една) ученичка од шесто одделение поради нередовно посетување на наставата. Ученичката исто така беше вклучена во програмата за советување на ученици, меѓутоа овие средби воопшто не се реализираа, ниту со ученичката ниту со родителот. За случајот беше известен Меѓуопштинскиот центар за социјална работа во Куманово, Државниот просветен инспекторат Куманово, СВР Куманово како и МОН-педагошка служба. |
| | Подобрување на постигањата на учениците преку редовната и дополнителната настава | **Дополнителна и додатна настава 2022/2023 учебна година**<br>Дополнителна и додатна настава кои спаѓаат во задолжителна настава се реализираат според распоредот изготвен од страна на комисија за изготвување на распоред во предметната настава, додека во одделенската настава распоредот го изготвија одделенските наставници.<br>Во учебната 2022/2023 година, во одделенска настава се одржани 202 часа дополнителна настава и 195 додатна настава, додека во предметна настава 135 дополнителна и 112 додатна.<br>**Дополнителна и додатна настава 2023/2024 учебна година**<br>Во одделенска настава се одржани 37 часа дополнителна настава и 21 часа додатна настава, додека во предметна настава одржани се 89 часа дополнителна настава и 86 часа додатна настава.<br><br>Од анкетирани 20 ученици од IV – IX одд се добиени следниве резултати:<br>2.3  Незначителен број 10% целосно се согласуваат,  дека наставниците организираат дополнителна настава, мал број **40% се согласуваат** со тврдењето, незначителен број **16 % не се согласуваат**, незначителен број **15% целосно не се согласуваат** или не знаат |




| | | |
|---|---|---|
| | | 2.5 Мал број **30%** или 6 (шест) ученика **не се согласуваат** со тврдењето дека наставниците им нудат додатна настава кога сакаат да научат повеќе од предвиденото, **20% целосно  се согласуваат**, незначителен број **5% не се согласуваат** а незначителен број **25%** не знаат |




Од анкетирани 25 родители

2.4 Поголем дел **50% целосно се согласуваат**, дека на нивното дете му е овозможена дополнителна и додатна настава, мал дел 32% се согласуваат, незначителен број 9% не се согласуваат и 9% не знаат




2.4 Поголем број **55%** или 11(единаесет) ученика **се согласуваат** дека кога не успеваат да совладаат материјал добиваат дополнително објаснување од наставникот, а мал број **35% целосно се согласуват** со тврдењето, незначителен број 10% не се согласуваат.

| | |
|---|---|
| | 2.2 Мал број **45%** или 9(девет) ученика **се согласуваат** дека наставниците постојано ги поттикнуваат на нивниот успех.мал процент 35% целосно се согласуваат, незначителен број 10% не се соласуваат или не знаат.<br><br>2.4 Поголем број наставници **63%** или 12 (дванаесет) наставници **се согласуваат** дека на родителите им даваат јасни насоки како да му помогнат на своето дете во учењето, а мал број **37%** или 7(седум) наставници сметаат дека **целосно** на родителите им даваат јасни насоки како да му помогнат на своето дете во учењето. |

**Опис/резиме на подрачјето**

Училиштето прибира, користи и анализира податоци за постигањата на учениците според полот и јазикот на наставата, по сите наставни предмети, за сите квалификациски периоди. По секој квалификациски период, на предлог на Наставничкиот совет, Училишниот одбор донесува акциски план со активности за подобрување на постигањата и квартално ги разгледува постигањата од Акцискиот план.
Учениците со тешкотии во учењето, надарените ученици, како и учениците со попреченост се идентификуваат согласно со пропишани процедури. Учениците добиваат континуирана поддршка за подобрување на постигањата.За работата со ученици со ПОП и тешкотии во учењето од особено значење е и сензорната соба.
Училиштето има утврден систем за известување на родителите за напредокот на нивните деца и доследно го применува. Родителите/старателите добиваат информации за постигањата на учениците по секој квалификационен период. Родителите имаат можност да се запознаат со постигањата на своето дете преку е-дневникот кој уредно се води. И анкетните листи, скали на проценка го потврдуват тој податок. Дека родителите се известени за напредокот на ученикот **целосно се согласуваат** поголем број на ученици **50%.** Поголем број **64%** или 16 родители **целосно се согласуваат** дека континуирано се информирани за редовноста на нивното дете. Дека родителите ја користат можноста да разговраат со наставникот за постигнувањата на своето дете поголем број наставници **58%** или 11 (единаесет) **се согласуваат.**
Училиштето системски ја следи редовноста на учениците, ги анализира причините за отсуство од наставата и презема конкретни активности. Соработува со родителите/старателите, институциите (МТСП, центри за социјална работа и сл.), локалната самоуправа и со граѓанските организации за да ја зголеми редовноста на учениците во наставата. Просечниот број неоправдани изостаноци помеѓу две интегрални евалуации е помал од пет по ученик, ако ги изоставиме изостаноците кои се направени од само една ученичка, кога ја вклучена во програмата за советување.
Училиштето ги реализира советувањата на родителите/старателите и учениците, за што води уредна документација, ги известува надлежните институции, врши анализи на резултатите од советувањето и го следи подобрувањето на редовноста, успехот и однесувањето на учениците.Советувањата на учениците, во најголем број придонесуваат за подобрување на успехот, редовноста и однесувањето. Родителите вклучени во советувањето се поради нередовност и од извршени анализи и разговори е констатирано дека се работи за социјано ранливи категории, ученици на разведени родители и родители со ниско обраование.

Најголемиот број наставници користат методи, техники и стратегии во наставата за подобрување на постигањата на учениците. Во текот на годината, видлива е промена во реализацијата на наставата за подобрување на постигањата, со што средниот успех на крајот на учебната година континуирано се зголемува за разлика од полугодието. Во текот на целата учебна година, училиштето реализира дополнителна настава по сите предмети за кои учениците имаат тешкотии во учењето, како и диференцирана настава.
Од училиштето добивам добри совети за подобрување на успехот на моето дете, поголем број **59% целосно се согласуваат**, мал број **41% се согласуваат**. Мал број **45%** или 9(девет) ученика **се согласуваат** дека наставниците постојано ги поттикнуваат на нивниот успех. Поголем број наставници **63%** или 12 (дванаесет) наставници **се согласуваат** дека на родителите им даваат јасни насоки како да му помогнат на своето дете во учењето.
Мал број **40%** или 8 ученика **се согласуваат** дека наставниците организираат дополнителна настава. Мал број **30%** или 6 (шест) ученика **не се согласуваат** со тврдењето дека наставниците им нудат додатна настава. Училиштето, на месечно ниво, изработува распоред за дополнителна настава но поради тоа што не го истакнува на видно место во училиштето и не им се нагласува на учениците кој час им е дополнителна настава тие на скалата на проценка дале пониски оцени за организирање на дополнителна и додатна настава, што дополнително го потврдивме преку фокус група со учениците од училишниот парламент од IV до IX

**Силни страни**

- За 5 ученика со посебни образовни потреби стручната служба реализира организирана индивидуална поддршка во поглед на развивање и зајакнување на нивните функционалности што претставува зајакнување на нивните капацитети за процесот на учење.
- Училиштето системски ја следи редовноста на учениците, презема конкретни активности, со што бројот на неоправдани изостаноци помеѓу две интегрални евалуации е помал од пет по ученик, ако ги изоставиме изостаноците кои се направени од само една ученичка, кога ја вклучена во програмата за советување.

**Слаби страни**

- Комуникација и информираност на учениците околу дополнителните и додатните часови во наставата.
- Ниска мотивација на учениците и неконтинуирано поттикнување од страна на наставниците за подобрување на успехот

**Приоритети**

- Подобра организираност околу дополнителни и додатни активности
- План за поттикнување на учениците за подобрување на постигнувањата.

**Самоевалуација на училиштето: ООУ Христијан Тодоровски Карпош“ с.Драгоманце**

**Подрачје 3: Училишна климаи односи во училиштето**

| **Собирање податоци** | | |
|---|---|---|
| **Индикатор 3.1 Училишна клима** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |

| | | |
|---|---|---|
| ➢Написи за училиштето во национални и локални медиуми и на социјалните мрежи;<br>➢Пофалби,награди,признанија ;<br>➢Ученичкикатчиња;<br>➢ФБ страна на училиште ;<br>➢Веб страна на училиште ; | **Углед/имиџ на училиштето** | ООУ „ Христијан Тодоровски Карпош“ с. Драгоманце, општина Старо Нагоричане е централно училиште и во рамките на истото работат и две ПУ во с. Пелинце и с. Арбанашко. Минатата учебна 2022/2023 год. работеше иПУ во с. Челопек кое беше затворено и учениците своето образование го продолжија во централното училиште. Во рамките на училиштето е и ученички дом кој ги згрижува учениците по реонизација кои немаат можност за секојдневно патување до и од училиште.Ученичкиот дом е карактеристика на нашето училиште и е единствен во североисточниот реион на РСМакедонија.<br>Училиштето е препознатливо во локалната средина како училиште кое промовира постигања во многу области, а како доказ за тоа се и многубројните награди и признанија на локално и државно ниво.<br>Учениците од одделенска и предметна настава се активно вклучени во многубројните воннаставни активности,училишни секции и клубови. Сето ова редовно се промовира преку електронски социјални мрежи, училишна веб страна, електронски, ученички катчиња во училиште и ученички дом. |

| | | |
|---|---|---|
| ➢Кодекс на оденсување;<br>➢Куќен ред на училиштето;<br>➢Анкети со наставници,родители,ученици;<br>➢Педагошка евиденција и документација на училиштето;<br>➢Статут на училиштето; | **Кодекс на однесување** | Во училиштето има Кодекс за однесување на наставници, Кодекс за однесување на ученици и Кодекс за однесување на родители и Куќен ред на училиштето кои се поставени на видно место во училиштето. Во училниците се истакнати Кодексите за однесување на ученици, родители и наставници. Во Ученички дом е истакнат Кодекс за однесување на ученици и Куќен ред на ученичкиот дом. Училиштето има кодекс на однесување во кој се поставени принципите и правилата на однесување во училиштето на сите структури. Во изработката на кодексот не учествувале претставници на сите засегнати за животот во училиштето. Училиштето има пишани процедури за постапување во случај на прекршување на принципите и правилата на однесување, но нема примери од спроведувањето во практиката. Училиштето не практикува ажурирање на содржината на кодексот на однесување<br>Врз основа на анкета спроведена во училиштето се добиени следниве резултати: |

| | | |
|---|---|---|
| | | Анкетирани се 19 наставници кои на прашањето **3.1Имам учествувано во изработка / ажурирање на кодексот за однесување во училиштето** 68% одговориле дека се согласуваат, а со по од16% одговориле со не се согасувам и целосно не се согласува **3.2 Училиштето соодветно постапува доколку се прекрши Кодексот на однесување** 63% одговориле дека се согласуваат а 16 одговориле со не се согасувам . Анкетирани се 20 ученици(8 ученика од одделенска настава(IV, Vодд) и 12 ученика од предметна настава кои на прашањето **3.6 Во одделението/училиштето имаме донесено заеднички правила на однесување, кои ги почитувме** 50%целосно се согласуваат ученци од одделенска настава, а по 33% целосно се согласувам и се согласувам ученици од предметна настава **3.7 Запознаен/а сум со последиците доколку не ги почитувам правилата во училиштето** 50%целосно се согласуваат ученци од одделенска настава, а 75% се се согласуваат ученици од предметна настава. Анкетирани се 25 родители (12 родители од одделенска настава (од I до Vодд) и 13 родители од предметна настава кои на прашањето **3.1 Запознаен/а сум со кодексот на однесување во училиштето** 54% се целосно се согласуваат родители од одделенска настава и 73% се согласуваат родители од предметна настава **3.2 Имам можности да придонесам за развој/ажурирање на содржината на Кодексот на однесување**.39% се согласуваат и 23% се не знам родители од одделенска настава и 55 % се согласуваат и 18% се не знам родители од предметна настава |

| | | |
|---|---|---|
| ➢Анкети со наставници, родители, ученици; | **Училишна клима** | Училиште со еднакви можности за сите ученици да стекнат знаења, способности, вештини и развивање на свест за правата и обврските, меѓусебно почитување, помагање и разбирање.Училиште во кое се работи на инфраструктурно подобрувањенаусловите заработа и живот на учениците во ученичкиот дом тековно опремувањесо потребни наставни средстваипомагала,континуиранопрофесионалноусовршувањенанаставниоткадар се со цел подобрување на воспитно образовниот процес Врз основа на анкета спроведена во училиштето се добиени следниве резултати: Анкетирани се 19 наставници кои на прашањето |

| | | |
|---|---|---|
| | | **3.3Атмосферата во училиштето е позитивна и поттикнувачка** 42% се согласуваат, а по 21 % одговориле со не се согасувам и целосно не се согасувам<br>**3.5 Добро соработувам со колегите во училиштето 53% се согласуваат со оваа тврдење**<br>Анкетирани се 20 ученици(8 ученика од одделенска настава(IV, Vодд) и 12 ученика од предметна настава кои на прашањето<br>**3.8 Училишните правила се применуваат подеднакво за сите ученици** 50%целосно се согласуваат ученци од одделенска настава, а 50% се согласувам ученици од предметна настава<br>**3.9. Имам еднакви можности за учество во активностите во училиштето, како и другите ученици** 62,5% се согласуваат ученци од одделенска настава, а 75% се согласуваат ученици од предметна настава<br>**3.10 Имам еднакви можности за учество во различните активности на часовите (на пр. поставување прашања, презентирање, одговарање), како и другите ученици**62,5 % целосно се се согласуваат ученци од одделенска настава, а 58 % се согласуваат ученици од предметна настава<br>Анкетирани се 25 родители (12 родители од одделенска настава (од I до Vодд) и 13 родители од предметна настава кои на прашањето<br>**3.3 Моето дете е прифатено и почитувано од наставниците** 69 % целосно се согласуваат родители од одделенска настава и 64 % се согласуваат родители од предметна настава<br>**3.4 Моето дете е прифатено и почитувано од соучениците** 62 % целосно се согласуваат родители од одделенска настава и 73 % се согласуваат родители од предметна настава<br>**3.5. Моето дете сака да оди на училиште** 92 % целосно се согласуваат родители од одделенска настава и 82 % се согласуваат родители од предметна настава |

| | | |
|---|---|---|
| ➢ Анкети со наставници, родители,ученици;,<br>➢ Педагошкаевиденцијаидокументација на училиштето | **Поведение и дисциплина во училиштето** | Од сета документација во училиштето и согледување на раководниот и наставниок кадар е дека на часовите дисциплината е на задоволително ниво,но на одморите учениците се поактивни, пораздвижени, што сепак е во граници на нормалата.Во учебна година 2022-2023 беа изречени две педагошки мерки, укор од одделенскиот раководител на двајца ученици од деветто одделение поради недолично и насилно однесување.Поведението кај сите ученици во изминатиот две годишен период е примерно. За учениците што ги прекршуваат правилата на однесување се постапува согласно правилникот за педагошки мерки и педагошко-психолошка поддршка. |

| | | |
|---|---|---|
| | | Поведение за 2023/2024 е намалено на една ученичка во Добро, поради отсуство од повеќе од една третина од наставата. И има три педагошки мерки, усна и писмена опомена од одделенски наставник и укор од наставнички совет.<br>Врз основа на анкета спроведена во училиштето се добиени следниве резултати:<br>Анкетирани се 19 наставници кои на прашањето<br>**3.4 За време на моите часови има добра работна атмосфера** 58% се согласуваат, а 42% од наставниците целосно се согласуваат<br>**3.6 Со моите ученици спроведувам активности за превенција на насилство и ненасилно решавање конфликти** 63% се согласуваат, а 32% од наставниците целосно се согласуваат<br>Анкетирани се 25 родители (12 родители од одделенска настава (од I до Vодд) и 13 родители од предметна настава кои на прашањето<br>**3.6 Училиштето добро се справува со дисциплината** 62 % целосно се согласуваат родители од одделенска настава и 82 % се согласуваат родители од предметна настава |

| | | |
|---|---|---|
| ➢Анкети со наставници, родители,ученици;<br>➢Записнициод состаноци<br>➢Програма и правилник за работа на ученичкиот парламент и ученикот правобранител;<br>➢Досие на ученички парламент (програма за работа, записници, одлуки, извештаи од реализирани ученички иницијативи). | **Учество на учениците во донесувањето одлуки и решавањето проблеми** | Од увидот во записниците и годишен извештај јасно е дека учениците се вклучени во донесување одлуки за прашања кои се во нивен интерес<br>Врз основа на анкета спроведена во училиштето се добиени следниве резултати:<br>Анкетирани се 19 наставници кои на прашањето<br>**3.8 Учениците ги мотивирам да учествуваат во донесување одлуки за прашања кои се во нивни интерес** 58% се согласуваат, а 37% од наставниците целосно се согласуваат<br>**3.17 Учениците и родителите во училиштето добиваат соодветна поддршка и помош за решавање на проблемите**32% целосносе согласуваат**,** 47%се согласуваат.<br>Анкетирани се 20 ученици(8 ученика од одделенска настава(IV, Vодд) и 12 ученика од предметна настава кои на прашањето<br>**3.11 Ученичката заедница од моето одделение учествува во активности за подобрувањена работата на училиштето**57,1% се согласуваат ученци од одделенска настава, а 67% се согласуваат ученици од предметна настава<br>**3.13Кога имам потреба од помош, можам да се обратам на раководителот на паралелката или на друг наставник** 62,5% целосно се согласуваат ученци од одделенска настава, а 50% се согласуваат ученици од предметна настава<br>**3.15 Во училиштето добивам поддршка и помош при решавање на некој проблем** 62,5% целосно се согласуваат ученци од одделенска настава, а 67% се |

| | | |
|---|---|---|
| | | согласуваат ученици од предметна настава<br>Анкетирани се 25 родители (12 родители од одделенска настава (од I до Vодд) и 13 родители од предметна настава кои на прашањето<br>**3.7 Сум бил/а вклучен/а во активности за запознавање со правата на децата,организирани од училиштето**39 % се согласуваат родители од одделенска настава и 72 % се согласуваат родители од предметна настава |

| Индикатор 3.2 Еднаквост и правичност | | |
|---|---|---|
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| ➢Анкети со наставници и ученици;<br>➢Записници од активностите на Ученичкиот парламент и ученикот правобранител; | **Познавање и почитување на правата на децата** | Во училиштето, ученичкиот правобранител се грижи за заштита и унапредување на правата на учениците и реализира активности за запознавање на учениците со неговите надлежности во однос на заштита на детските права. Сите вработени во училиштето ги знаат и ги почитуваат правата на децата. Училиштето организира активности со дел од родителите/старателите за да ги запознае со правата на децата. Најголемиот број од учениците сметаат дека нивните права се почитуваат.<br>Врз основа на анкета спроведена воучилиштето се добиени следниве резултати:<br>Анкетирани се 19 наставници кои на прашањето<br>**3.9 Реализирам работилници за запознавање на родителите со правата и обврските на децата** 84% се согласуваат, а не значителен број на проценти се не се согасувам<br>**3.10 На учениците им укажувам на различните механизми за заштита на нивните права кои постојат во училиштето** 74% се согласуваат, а 26% целосно се согласуваат со оваа тврдење.<br>Анкетирани се 20 ученици (8 ученика од одделенска настава(IV, Vодд) и 12 ученика од предметна настава кои на прашањето<br>**3.12 Знам какода постапам икаде да се обратам ако забележам прекршување намоите права** 62,5% целосно се согласуваат ученци од одделенска настава, а 66% се согласуваат ученици од предметна настава<br>**3.14 Можам слободно да барам совет и поддршка од педагогот или психологот во училиштето** 75% целосно се согласуваат ученци од одделенска настава, а 67% се согласуваат ученици од предметна настава |

| | | |
|---|---|---|
| ➢Анкети со наставници, родители, ученици; | **Еднаков и правичен третман на сите ученици** | Училиштето ги промовира еднаквоста и правичноста како темелни вредности во сите свои пишани документи, но нема развиено механизми со кои обезбедува нивно почитување во односите меѓу сите структури што учествуваат во училишниот живот. Учениците знаат да препознаат нееднаков третман и каде да се обратат Сите ученици имаат пристап и се вклучени во училишните активности.<br>Врз основа на анкета спроведена во училиштето се добиени следниве резултати:<br>Анкетирани се 19 наставници кои на прашањето<br>**3.11 Соодветно реагирам на поплаките на учениците за нееднаков третман** подеднакво со по 47% целосно се согласуваат и се согласуваат,<br>**3.12Различните маргинализирани / ранливи групи ги вклучувам во училишните активности** 58% се согласуваат, а 37% целосно се согласуваат<br>Анкетирани се 20 ученици(8 ученика од одделенска настава(IV, Vодд) и 12 ученика од предметна настава кои на прашањето<br>**3.2 Во училиштето се чувствувам прифатено од другите ученици.** 87,5% целосно се согласуваат ученци од одделенска настава, а 58% се согласуваат ученици од предметна настава<br>**3.3 Во училиштето се чувствувам прифатено од наставниците** 62,5% целосно се согласуваат ученци од одделенска настава, а 75% се согласуваат ученици од предметна настава<br>**3.4 Сакам да одам на училиште**62,5% целосно се согласуваат ученци од одделенска настава, а по 33% се согласуваат и не знамученици од предметна настава<br>Анкетирани се 25 родители (12 родители од одделенска настава (од I до Vодд) и 13 родители од предметна настава кои на прашањето<br>**3.8Моето дете, во училиштето, ги добива истите услови за учење како и другите ученици** 84 % целосно се согласуваат родители од одделенска настава и 73 % се согласуваат родители од предметна настава<br>**3.9Моето дете е оценувано според исти критериуми како и другите ученици** 77 % целосно се согласуваат родители од одделенска настава и 82 % се согласуваат родители од предметна настава<br>**3.10 Моето дете не било дискриминирано во училиштето врз основа на неговиот пол, етничка припадност, религиска припадност или друго** 77 % целосно се согласуваат родители од одделенска настава и 91 % се согласуваат родители од предметна настава<br>**3.11.Училиштето навремено и соодветно реагира на нееднаков третман на** |

| | | |
|---|---|---|
| | | **учениците** 62 % целосно се согласуваат родители од одделенска настава и 55 % се согласуваат родители од предметна настава |

| **Индикатор 3.3 Партнерски однос со заедницата** | | |
|---|---|---|
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| ➢Анкети со наставници,родители;<br>➢Електронскидневник;<br>➢Извештај за работата на училиштето;<br>➢Записнициод совет на родители;. | **Соработка на училиштето со родителите/старателите** | Училиштето е отворено за родители секој ден. Училиштето ја прифаќа поддршката од родителите кои самоиницијативно сакаат да се вклучат во животот и во работата на училиштето, но мал е бројот на активностите што училиштето ги презема за вклучување на родителите. Нема практика родителите да даваат идеи за подобрување на воспитно-образовниот процес во училиштето. Мислењата и ставовите на родителите/старателите во ретки случаи влијаат на одредени одлуки кои се донесуваат во училиштето. се почитуваат. Соработка на училиште со родителите се реализира преку состаноци на Совет на родители, родители се вклучени во некои проекти што се спроведуваат во училиштето, родителски средби, индивидуални родителски средби, инклузивен училишен тим<br>Врз основа на анкета спроведена во училиштето се добиени следниве резултати:<br>Анкетирани се 19 наставници кои на прашањето<br>**3.13 Родителите/старателите ги поттикнувам активно да се вклучат во активностите во училиштето** 74% се согласуваат, а 21 % од наставниците целосно се согласуваат<br>**3.14 Ги прифаќам аргументираните идеи од родителите за подобрување на воспитно-образовниот процес** 74% се согласуваат, а 23 % од наставниците целосно се согласуваат<br>Анкетирани се 25 родители (12 родители од одделенска настава (од I до Vодд) и 13 родители од предметна настава кои на прашањето<br>**3.12 Мислењата и ставовите на родителите / старателите за унапредување на воспитно-образовниот процес се почитуваат и влијаат на одредени одлуки кои се донесуваат во училиштето** 54 % целосно се согласуваат родители од одделенска настава и 82 % се согласуваат родители од предметна настава |

| | | |
|---|---|---|
| ➢Анкети со наставници,<br>➢Годишен извештај за работа на училиште 2022/2023 год.<br>➢Полугодишен извештај за работа на училиште 2023/2024 год. | **Соработка со општината и со урбаната заедница** | Родителите редовно учествуваат во одбележување на настани од локален карактер, присуство на претставници од опшествени, културни, здравствени, социјални установи во одбележувањето на Патронот на училиштето.<br>Се реализираат активности исполнети со културни и образовни содржини наменети за родителите и жителите од средината во која работи и живееучилиштето тоа следните активности: Ликовни и литературни конкурси, изложби, промоции, донаторски акции, манифестации, посета на културни настани (театарски претстави, музички збиднувања, изложби), учествува на собири и здружувања, манифестации по одредени поводи.Јакнење на соработката, поддршката и промоција на училиштето на локално ниво.<br>Врз основа на анкета спроведена во училиштето се добиени следниве резултати:<br>Анкетирани се 19 наставници кои на прашањето<br>**3.15 Учествувам во спроведување на заеднички проекти со Општината кои се од интерес на училиштето и заедницата** 53% се согласуваат, а 26 % од наставниците целосно се согласуваат |

| **Индикатор 3.4 Севкупна грижа за учениците** | | |
|---|---|---|
| **Извор на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| ➢Кодекс на однесување<br>➢Куќен ред на училиштето<br>➢Протокол за превенција и заштита од насилство<br>➢Анкети со наставници, родители, ученици | **Превенција и заштита од насилство** | Важен аспект кој се вградува во глобалните цели на образованието е аспектот на здравјето, како физичкото, така и менталното. Покрај тоа што физичкото здравје и досега постоеше во сите наставни планови и програми како посебно здравствено образование според најновата дефиниција на Здравствената организација здравјето се дефинира како целосна физичка, ментална и социјална благосостојба. Затоа и нашето училиштето при планирањето на Годишната програма за работа поаѓа од овие аспекти.<br>Форми и активности кои се користат за обезбедување на грижата, благосостојбата и заштита на децата и од двата пола подеднакво во нашето училиште се индивидуална работа, отворена комуникација меѓу наставниците и учениците, меѓусебни консултации на наставниците, соработка меѓу наставниците и воспитувачки кадар од ученичкиот дом, како и соработка со педагошко-психолошката служба и директорот на училиштето и соработка со родителите. Соработката и контактите со дел од родителите не се на завидно ниво. |

| | | |
|---|---|---|
| | | Постојат тешкотии во самото идентификување на децата кои се ментално или физички малтретирани, поради необученост да се препознаат знаците, односно однесувањето на децата кое би упатувало на евентуално малтретирање. Исто така информациите се добиваат многу ретко од самите ученици, како и од нивните родители поради срамот и традиционалното сфаќање работите да се задржат во семејството. Повеќето информации се добиваат посредно преку други ученици кои се дружатсо засегнатите ученици, преку разговори со лица од средината од која потекнуваат учениците и тоа подеднакво и за двата пола, од страна на одделенските раководители и педагошко-психолошката служба. Училиштето имаше учество во проектот „И јас имам глас“ од Фондација за образовни и културни иницијативи Чекор по чекор кои имаше обуки на овие теми кои беа вклучени учениците заедно и со родителите.<br>Од страна на министерот за образование и наука е донесено: „Упатство за постапката за пријавување и заштита на ученик жртва на која било форма на насилство, злоупотреба и занемарување.“ Врз основа на ова упатство училиштето има обврска да постапува во случаи на насилство над учениците и да превзема мерки за заштита на ученици жртви на насилство и даспроведува активности за превенција на насилство.<br>Учебната 2023/2024 беа реализирани три работилници на тема Булинг, Насилно и ненасилно однесување<br>Врз основа на анкета спроведена во училиштето се добиени следниве резултати:<br>Анкетирани се 19 наставници кои на прашањето<br>**3.6 Со моите ученици спроведувам активности за превенција на насилство и ненасилно решавање конфликти** 63% сесогласуваат со тврдењето и 5% делумно се соласуваат<br>**3.7. Во училиштето се работи со сите ученици кои се учесници во врсничко насилство** 26% потполно се согласуваат со тврдењето, 58% се согласуваат со истото тврдење, 5% делумно се согласува, 5% не се согласува и 5% целосно не се согласува со истото тврдење.<br>Анкетирани се 20 ученици(8 ученика од одделенска настава(IV, Vодд) и 12 ученика од предметна настава кои на прашањето<br>**3.16 Знам како треба да постапам ако забележам или ми се случи врсничко насилство во училиштето**42,9% потполно се согласуваат со тврдењето, 57,1 % се согласуваат со оваа тврдење ученици од одделенска настава и 25 % потполно |

| | | |
|---|---|---|
| | | се согласуваат со тврдењето, додека 67 % се согласуваат ученици од предметна настава<br>**3.17Во училиштето работиме на решавање конфликти и спречување насилство**25% потполно се согласуваат со тврдењето, додека 75 % се согласуваат ученици од одделенска настава и 17% потполно се согласуваат, 67 % се согласуваат со тврдењето, 8% не се согласуваат со тврдењето и 8 % целосно не се согласуваат учениците од предметна настава.<br>Анкетирани се 25 родители (12 родители од одделенска настава (од I до Vодд) и 13 родители од предметна настава кои на прашањето<br>**3.13Запознаен/а сум со училишниот протокол за превенција и постапување во случаи на насилство**54% потполно се согласуваат со тврдењето, 39% се согласуваат со тврдењето и 8% делумно се согласуваат од одделенска настава и 27% потполно се согласуваат со тврдењето, 64% се согласуваат со тврдењето, додека 9% делумно се согласуваат родители од предметна настава<br>**3.14Во училиштето се спроведуваат активности за превенција на насилство и ненасилно решавање конфликти**38% потполно сесогласуваат со тврдењето, 46% се согласуваат, 8% не се согласуваат со тврдењето додека 8% целосно не се согласуваат од одделенска настава и 27% потполно сесогласуваат со тврдењето, додека 73% се согласуваат од предметна настава.<br>**3.15 Училиштето добро се справува при појава на насилство**54% целосно се согласуваат родители од одделенса настава и 55% од родителите од предметна настава се согласуваат со тврдењето. |

| | | |
|---|---|---|
| ➢Кодекс на однесување<br>➢Годишен извештај за работа на училиште 2022/2023 год.<br>➢Годишен извештај за работа на училиште 2022/2023 год.<br>➢Анкети со наставници, родители, ученици | **Заштита од пушење, алкохол и од дрога** | Се прибираат податоци за секој ученик посебно, неговата здравствена состојба, социо-економски статус на семејството.Се организираат предавања на определени теми кои ја обработуваат проблематиката зачувување на физичкото здравје, емоционалниот и социјалниот развој на децата најчесто на одделенските часови, во рамки на подрачјето грижа за здравјето и здравствена заштита на учениците. За зајакнување на воспитната компонента на часовите на одделенската заедница, одделенските раководители со учениците ја реализираат програмата „Образование за животни вештини“ донесена од страна на МОН и Биро за развој на образованието, каде што преку работилнички тип на работа се обработуваат теми од личниот, физичкиот, социјалниот, емоционалниот развој на учениците. Преку овие активности учениците се оспособуваат да се грижат за своето здравје, да развиваат вештини за комуникација, за решавање на проблеми, за лично и општествено однесување. |

| | | |
|---|---|---|
| | | Грижата за здравјето на учениците е застапено и преку програмата на предметот физичко и здравствено образование, во рамките на која покрај редовната настава се организираат натпревари меѓу учениците во неколку спортски дисциплини (мал фудбал, кошарка, атлетика, шах). Натпреварите се меѓу одделенски и меѓу училишни со училиштата од општината.<br>Во училиштето традиционално се оддржува пролетен крос на кој учествуваат и другите училишта од општината.<br>Активностите се одвиваат во училишна спортската сала и на спортско повеќенаменско игралиште за неколку спортски дисциплини, но само во периодот од годината кога временските услови го дозволуваат тоа. Во сите подрачни училишта исто така програмата по овој предмет се одвива со тешкотии и тоа во училница и училишниот двор.<br>Врз основа на анкета спроведена во училиштето се добиени следниве резултати:<br>Анкетирани се 19 наставници кои на прашањето<br>**3.16 Учествувам во реализација на работилници со ученици за превенција од пушење, алкохол и дрога** 21% целосно се согласуваат, 57% сесогласуваат со тврдењето, 11% делумно се согласуваат и 11% не се согласуваат со тврдењето.<br>Анкетирани се 20 ученици(8 ученика од одделенска настава(IV, Vодд) и 12 ученика од предметна настава кои на прашањето<br>**3.18 Учествувам во работилници за заштита од штетните влијанија на пушењето, алкохолот и наркотичните средства** 12,5% потполно се согласуваат со тврдењето, 25 % се согласуваат со тврдењето, 25% делумно се согласуваат и 37,5% не се согласуваат со тврдењето ученици од одделенска настава и 25% потполно се согласуваат со тврдењето, 50% се согласуваат, 8% делумно се согласуваат, 8% не се согласуваат и 8% целосно не се согласуваат со тврдењето ученици од предметна настава.<br>Анкетирани се 25 родители (12 родители од одделенска настава (од I до Vодд) и 13 родители од предметна настава кои на прашањето<br>**3.16 Во училиштето се преземаат мерки за превенција за заштита од алкохол, пушење и дрога** 54% потполно се согласуваат со тврдењето, 30% се согласуваат, 8% делумно се согласуваат и 8% не се согласуваат со тврдењето од одделенска настава и 36% целосно се согласуваат , 64% се согласуваат со истото тврдење од предметна настава |

| | | |
|---|---|---|
| ➢Годишен извештај за работа на училиште 2022/2023 год. | **Квалитет на достапна храна** | Нашето училиште после Ковид пандемијата нема склучено договор за организирање на исхрана (ужинка) на учениците во училиштето.<br>Учениците кои се сместени и престојуваат во Ученичкиот дом од понеделник до петок имаат организирана исхрана според утврдената листа на јадење. Квалитетот на достапната храна постојано се следи. |

| | | |
|---|---|---|
| ➢Полугодишен извештај за работа на училиште 2023/2024 год.<br>➢Анкети со родители и ученици | **Хигиена и заштита од болести** | При запишувањето на учениците педагогот и психологот вршат интервју со родителите на учениците преку кои се добиваат првични информации за детето. Исто така родителите пополнуваат и Прашалник со податоци за психофизичкиот развој на децата, образовното ниво на родителите и социо-економскиот статус на семејството. Доколку постојат заболувања и испитувања во предучилишниот период се бара на увид документацијата, при што се прави копија или препис кој се чува во досието на ученикот кај психологот научилиштето.<br>Пред уписот во прво одделение психологот на училиштето врши разговор со ученикот, и преку примена на соодветни психолошки техники за таа намена се утврдува нивото на графомоторниот развој, говорот, психофизичката состојба на ученикот, а резултатите од тријажната постапка им се презентираат на одделенските наставници преку индивидуални разговори, како и преку седниците на Наставничкиот совет.<br>При ова испитување се воочуваат евентуалните пречки во развојот на говор, сензо-моторните способности, перцептивното заклучување, како и логичкото размислување, врз основа на што се упатуваат на дополнителни испитувања кај одделни компетентни лица (како што е логопед, Комисија за категоризација на деца со посебни потреби преку Центар за социјални работи Куманово, Завод за Ментално здравје Скопје, Завод за рехабилитација на слух и говор во Скопје )<br>Во училиштето во оваа 2023/2024 учебна година имаше 5 ученици со посебни образовни потреби кои се категоризирани од соодветни здравствени институции (пречки во говор, вид, интелектуална попреченост, емоционални тешкотии, комбинирани пречки, тешкотии од социјална природа, церебрална парализа).<br>Учебната 2023/2024 год имавме презентација од Црвен крст за недела на хигиенизација, презентација против пушење, работилница за менструално здравје.<br>Врз основа на анкета спроведена во училиштето се добиени следниве резултати:<br>Анкетирани се 20 ученици(8 ученика од одделенска настава(IV, Vодд) и 12 ученика од предметна настава кои на прашањето |

| | | |
|---|---|---|
| | | **3.19Училиштето е чисто и уредно**62,5% целосно се согласуваат, 25% се согласуваат и 12,5% целосноне се согласуваат со тврдењето ученици од одделенска настава и 8% целосно се согласуваат со тврдењето, 50% се согласуваат, 33% делумно се согласуваат и 8% целосно не се согласуваат со тврдењето ученици од предметна настава.<br>Анкетирани се 25 родители (12 родители од одделенска настава (од I до Vодд) и 13 родители од предметна настава кои на прашањето<br>**3.17 Хигиената во училиштето е на високо ниво** 69% целосно се согласуваат , 31% се согласуваат со тврдењето родители од одделенска настава и 18% целосно се согласуваат со тврдењето, 64% се согласуваат и 18 % делумно се согласуваат родители од предметна настава. |

| | | |
|---|---|---|
| ➢Анкети со ученици | **Грижа за безбедноста на учениците и вработените** | Училиштето и ученичкиот дом имаатПП апарати кои редовно се сервисираат. Дел од вработените имаат посетувано обука за безбедност и заштита при работа.<br>Во училиштето постои план за евакуација и според истиот не се спроведува симулација за брзо напуштање на зградата во случај на елемнтарна непогода и друга опасност.<br>Воучилиштето работи тим за безбедност,кој е дел одпроектот за мултиетничка комуникација,градење на доверба и спречување на насилство„Безбедниучилишта“во соработка со СВР-Куманово,оделение за полиција-отсек за превенција.<br>Врз основа на анкета спроведена во училиштето се добиени следниве резултати:<br>Анкетирани се 20 ученици (8 ученика од одделенска настава (IV, Vодд) и 12 ученика од предметна настава кои на прашањето<br>**3.1 Во училиштето се чувствувам сигурно и безбедно** 62,5% потполно се согласуваат, 25% се согласуваат и 12,5% не се согласуваат со тврдењето ученици од одделенска настава и 17% целосно се согласуваат со тврдењето дека во училиштето се чувствуваат сигурно и безбедно, 58% се согласуваат со тврдењето, 8% делумно се согласуваат, 8% не се согласуваат и 8% целосно не се согласуваат со тврдењетоученици од предметна настава. |

| | | |
|---|---|---|
| ➢Анкети со ученици | **Грижа за учениците од социјално** | Во училиштето се организираат собирни акции од страна на вработените за помош во облека и училиштен прибор на економски најзагрозените ученици. Исто |

| | | |
|---|---|---|
| | **загрозени семејства** | така со ангажирање на наставниците и директорот на училиштето остварени се контакти со здруженија и невладини организации од Куманово за помош на учениците во храна, облека и ученички прибор.<br>Врз основа на анкета спроведена во училиштето се добиени следниве резултати:<br>Анкетирани се 20 ученици (8 ученика од одделенска настава (IV, Vодд) и 12 ученика од предметна настава кои на прашањето<br>**3.5 Наставниците ги разбираат моите потреби и проблеми** 50 % целосно се согласуваат, 37,5% се согласуваат со тврдењето додека 12,5% делумно се согласуваат со тврдењето учениците од одделенска настава и 8% целосно се согласуваат, 75% се согласуваат, 8% делумно се согласуваат, а 8% целосно не се согласуваат со тврдењето учениците од предметна настава. |

| | | |
|---|---|---|
| ➢Полугодишен извештај за работа на училиште 2023/2024 год. | **Грижа за учениците со здравствени проблеми** | Здравствената состојба редовно се контролира преку систематски прегледи и се врши задолжителна имунизација според програмата на Заводот за здравствена заштита Куманово. На учениците им се презентираат и предавања од областа на здравјето (физичко и ментално здравје) од страна на одделенските раководители и стручната служба во подрачјето грижа за здравјето.<br>Училиштето води грижа за учениците со индивидуален приод кон ученикот, односно прилагодување на моделите на наставата кон индивидуалните потреби на учениците, меѓутоа не во доволна мера. Тешкотии во овој поглед има во таа смисла што наставниците не се доволно едуцирани (или пак воопшто не се едуцирани) за работа со децата со посебни потреби, па изборот на начините и постапките на наставниците зависат од тоа кој колку индивидуално го следи и третира овој проблем. Во училиштето работи испецијален едукатор и рехабилитаторсо ученици со посебни образовни потреби како и образовен асистент за ученикот со церебрална парализа.<br>Во случај на подолго отсуство на ученик од здравствени причини образовниот процес се реализира преку испраќање на материјали за работа од дома, организирање дополнителни часови кога ќе се вратат, пружање на помош и поддршка од страна на наставниците и соучениците. |

| | | |
|---|---|---|
| ➢ Годишен извештај за работа на училиште 2022/2023 год<br>➢Полугодишен извештај | **Грижа за социо-емоционалната добросостојба на учениците** | Училиштето во рамките на своите можности и со ангажирање на вработените води грижа за благосостојбата и заштитата на учениците и од двата пола подеднакво. Наставниците и педагошко-психолошката служба со расположливите ресурси во училиштето се трудат да имаат што повеќе |

| | | |
|---|---|---|
| за работа на училиште 2023/2024 год<br>➢Анкети со родителите | | информации и податоци за учениците, за нивното здравје, како за физичкото, така и за менталното здравје, односно за физичкиот, емоционалниот и социјалниот аспект од развојот на учениците. Истите се добиваат од разговори и интервјуа со родителите од страна на педагошко-психолошката служба и одделенските раководители, примена на расположливите психолошки техники од страна на психологот и во соработка со соодветни стручни лица и институции ( Медицински центар Куманово, логопед, Завод за ментално здравје Скопје). Се водат психолошки досиеја, кои ги содржат сите податоци од развојот на учениците до кои што се доаѓа во училиштето, надополнети со мислење на наведените институции. Во досието недостасуваат податоци за успехот и постигањата поради проблеми во ажурирање на податоците. Се водат подетални досиеја на поединечни случаи.<br>Во училиштето недостигаат и психолошки тестови и техники за утврдување на психолошкиот профил на учениците. За таа цел се користат услугите на споменатите институции. Меѓутоа често се случува родителите поради материјалната состојба, како и поради срамот и ригидното сфаќање да се премолчуваат сите недостатоци и мани, истите да не ги посетуваат овие институции, па сé почнува и сé завршува во училиштето.<br>Врз основа на анкета спроведена во училиштето се добиени следниве резултати:<br>Анкетирани се 25 родители (12 родители од одделенска настава (од I до Vодд) и 13 родители од предметна настава кои на прашањето<br>**3.18 Училиштето се грижи за добросостојбата на моето дете**, 54% целосно се согласуваат со тврдењето, 38% сесогласуваат со тврдењето и 8% делумно се согласуваат со прашањето родители од одделенска настава,родители од предметна настава27% потполно се согласуваат со прашањето,а 73% се согласуваат со истото тврдење.<br>**3.19 Училиштето се грижи за емоционалната состојба на моето дете**,54% потполно се согласуваат со тврдењето, 46% се согласуваат родители од одделенска настава и од предметна настава 27% потполно се согласуваат додека 75% се согласуваат со тврдењето. |

| | | |
|---|---|---|
| ➢Записнициод совет на родители;.<br>➢Анкети со родителите | **Давање помош при изборот за продолжување на образованието** | Учениците и родителите за помошта што може да ја добијат од педагошко-психолошката служба се информираат преку индивидуални контакти на службата и учениците и родителите, од страна на одделенските наставници во одделенската настава и одделенските раководители во предметната настава на |

| | | |
|---|---|---|
| | | одделенски час, на родителските состаноци, како и на седниците на Советот на родители. При ова подеднакво се информираат сите ученици и нивните родители без оглед на полот и националната припадност ( во нашето училиште посетуваат ученици од македонската националност).<br>Во училиштето постои Програма за професионална ориентација, а дел од активностите се содржани во програмите на директорот, психологот, педагогот и одделенскиот раководител на деветто одделение. Советодавна помош за избор на занимање и образовна институција се врши преку предавања на одделенскиот час или на посебни часови за ученици од деветто одделение од страна на одделенскиот раководител и психологот на училиштето, како и преку ученичката организација за која е одговорен педагогот на училиштето. Исто така во однос на изборот на натамошното продолжување на образованието на учениците без оглед на полот, учениците подеднакво се информираат за мрежата на училиштата за средното образование во градот Куманово, како и на територијата на Република Македонија, можностите и условите за запишување од страна на одделенските раководители и преку презентации на самите средни училишта, изведени во нашето училиште. Психологот на училиштето спроведува и анкета за професионалните желби и интереси. Исто така ги информира за потребните психофизички способности за определено занимање.<br>Врз основа на анкета спроведена во училиштето се добиени следниве резултати:<br>Анкетирани се 25 родители (12 родители од одделенска настава (од I до Vодд) и 13 родители од предметна настава кои на прашањето<br>**3.20 Училиштето дава информации и поддршка при избор на понатамошното образование на учениците**, 54% целосно се согласуваат со тврдењето, 38% се согласуваат и 8% не се согласуваат со тврдењето родители од одделенска настава и 18% потполно се согласуваат додека 82% се согласуваат со тврдењето родители од предметна настава. |

**Подрачје 3: Училишна клима и односи во училиштето**

**Опис/резиме на подрачјето**

Од сета достапна документација во училиштето и согледувањата од анкетите со наставниот кадар, учениците и родителите за 3 Подрачје Училишна клима и односи во училиштето добиени се податоци од индикатори

**3.1. Училишна клима според извор на податоци**

- кодекс на однесување;
- анкети/интервјуа со наставниците, стручните соработинции, родителите/старателите и со учениците;

- педагошка евиденција за изречени педагошки мерки;
- статут на училиштето;
- куќен ред на училиштето;
- пофалби, награди, признанија и др.;
- написи за училиштето во национални и локални медиуми и на социјалните мрежи;
- решение за формирање ученички парламент и избор на ученик правобранител;
- програма и правилник за работа на ученичкиот парламент и ученикот правобранител;
  досие на ученички парламент (програма за работа, записници, одлуки, извештаи од реализирани ученички иницијативи).

**3.2 Еднаквост и правичност според извор на податоци**

- анкета и разговори со ученици, родителите/старателите, наставници, стручна служба;
- извештаи од спроведени активности за запознавање со детските права;
- записници од активностите на Ученичкиот парламент и ученикот правобранител (на пр. број на претставки и начин на разрешување);
- структура на паралелките; записници од работата на ТУИ-Тимот за училишна интеграција;
- дневник за работа на стручните соработници;
- оперативен план за наставен час;
- записници од наставнички совет;

**3.3 Партнерски однос со заедницатаспоред извор на податоци**

- извештај за работа на училиштето (полугодишен, годишен);
- записници од советот на родители и родителски средби;
- анкети и интервјуа со директорот, родителите/старателите, наставниците и со стручните соработници;
- анкета/интервју со претставник на локалната заедница;
- статут на училиштето; интернет-страница на училиштето;
- договори и меморандуми за соработка со општината и различни организации/институции;
- извештаи од организирани акции, трибини, дебати, предавања со родителите/старателите и со претставниците на локалната заедница;
- документација за добиени спонзорства и донации

**3.4 Севкупна грижа за учениците според извор на податоци**

- кодекс на однесување;
- куќен ред на училиштето;
- набљудување на условите во училиштето;
- протокол за превенција и заштита од насилство;
- анкети/интервјуа со наставниците, стручните соработиници, родителите/старателите и со учениците;
- педагошка евиденција за изречени педагошки мерки;
- записници од советувања

- извештај за работа на училиштето (полугодишен, годишен);
- записници од советот на родители и родителски средби;
- анкети и интервјуа со директорот, родителите/старателите, наставниците и со стручните соработници;
- педагошка евиденција и документација;
- организирани трибини, дебати, предавања со учениците, родителите/старателите и со претставниците на локалната заедница за теми поврзани со: ментално здравје, социо-емоционални вештини, здраво живеење и сл.;
- записници од спроведените активности за професионална ориентација

**Силни страни**

- Вработените постојано се грижат за однесувањето на учениците за време на одморите, приемот на учениците и нивното заминување од училиштето
- Училиштето промовира еднаков и правичен третман кон сите ученици. Учениците знаат да препознаат нееднаков третман и каде да се обратат
- Сите вработени и ученици редовно вршат систематски прегледи

**Слаби страни**

- Училиштето нередовно презема активности за да ги промовира постигањата на учениците и соработката со локалната заедница.
- Училиштето не е препознаено во средината по вonnаставни активности, а активностите кои ги спроведува не ги промовира преку училишните медиуми.
- Училиштето ги промовира еднаквоста и правичноста како темелни вредности во сите свои пишани документи, но нема развиено механизми со кои обезбедува нивно почитување во односите меѓу сите структури што учествуваат во училишниот живот.
- Училиштето остварува соработка со општината и урбаната заедница само во рамките на формалните законски обврски и постојат мал број примери на заеднички проекти и настани
- Во училиштето не е извршена симулација за брзо напуштање на зградата во случај на елементарни непогоди и друга опасност.

**Приоритети**

- Училиштето треба да превземе активности за промовирање на постинувањата на учениците и поголема соработка со локалната заедница
- Училиштето треба да биде препознаено во средината по вonnаставни активностите и да биде промовирано преку училишните медиуми
- Училиштето треба да има механизми со кои обезбедува нивно почитување во односите меѓу сите структури што учествуваат во училишниот живот
- Училиштето треба да остварува поголема соработка со општината и урбаната заедница во сегменти и да постојат поголем број примери на реализирани проекти и настани
- Училиштето редовно да извршува симулација за брзо напуштање на зградата согласно законските одредби во случај на елементарни непогоди и друга опасност

**Самоевалуација на училиштето: ООУ Христијан Тодоровски Карпош“ с.Драгоманце**

**Подрачје 4: Управување, раководење и креирање политики**

| **Собирање податоци** | | |
|---|---|---|
| **Индикатор 4.1 Управување и раководење со училиштето** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| -Програма за работа на Училишниот одбор;<br>• Деловник за работа на Училишниот одбор<br>• Статут на училиштето<br>• Извештај од самоевалуација<br>• Записници, Одлуки, Извештаи од работата на Училишниот одбор<br>• Програма за работа на директорот,<br>• Програма за работа на стручни соработници<br>• Пограма за професионален развој;<br>• Анкета за наставниците, родителите и учениците<br>• Докази за учество и дисеминација на обуки (списоци, агенди, евалуациски листи); | Управување со училиштето | Структурата на раководење и управување со училиштето е во согласност со Законот за основно образование, Статутот на училиштето и со Деловникот за работа на Училишниот одбор. Со раководен кадар во училиштето работи еден директор Бојана Арсовска Јовановиќ.<br>Во Советот на родители членуваат 9 родители од кои 3 се машки и 6 од женски пол. Во однос на национален состав, 10 се Македонци по националност.<br>Надлежностите за управување се јасно дефинирани со Законот за основно образование како и со Статутот на училиштето со кои целосно се запознаени членовите од раководниот тим и наставниците, како и членовите на Советот на родители. Раководниот тим при разрешување на проблемите во училиштето, во принцип соработува меѓусебе, разменува идеи, дури и свикува вонредни седници за некои суштински прашања, повеќето по иницијатива на директорот во училиштето. Училишниот одбор квартално го следи трошењето на буџетот, со цел да има увид во потрошените финансиски средства.<br>На сите ученици им е утврдено примерно поведение, освен една ученичка од VI одделение која не посетува настава од почеток на октомври.<br>Што се однесува до дисциплината на сите ученици им е утврдено примерно поведение, една ученичка е со добро поведение. Оваа учебна 2023 -2024 година има изречена педагошка мерка, усна и писмена опомена.<br>Минатата учебна 2022/2023 година на сите ученици им беше утврдено примерно поведение.<br>Во учебната 2021/2022 година на сите ученици им беше утврдено примерно поведение. Во текот на годината не се изречени педагошки мерки. |

| | | |
|---|---|---|
| • Докази за вклученост во регионални и меѓународни образовни мрежи (активности, дописи, апликации),<br>• Распоред и процедури за користење на просторот и наставните материјали во училиштето;<br>• Активности и програма за работа на училишната библиотека<br>• Пописна листа за библиотечен фонд<br>• Извештаи и записници од следени часови од директор и | Раководење со училиштето | Со училиштето управува училишен одбор кој брои 7 члена и во него членуваат 3 (тројца) претставници од редот на наставниците, 3(тројца) од редот на родителите и 1(еден) претставник од Основачот, општина Старо Нагоричане. Во врска со правичната застапеност на членовите на УО како орган на управување во однос на полова структура (мажи и жени), односот е 1 маж и 6 жени. Во однос на етничката распределеност има 6 Македонци и 1 од српска националност. По новиот Закон за Основно Образование претседателот и заменик –претседател на УО се од редот на родителите.<br>Училишниот одбор како орган на управување одржува состаноци по потреба, а членовите од тимот не се секогаш присутни поради работа на одделни наставници во повеќе училишта, недоволна мотивираност на надворешните членови на УО поради неплатеноста на членството и приоритет на приватните работи кај членовите на Советот на родители. Претседателот на УО е обврзан да го поттикнува членството на редовност на состаноците со навремено информирање и лични контакти. На седниците секогаш се обезбедува кворум за работа. Состаноците на УО ги води претседателот на УО по претходно одреден дневен ред, притоа задолжително водејќи записник за работата на УО. УО е во постојан контакт со Наставничкиот совет и оттаму црпе некои од темите за своите состаноци<br>Седниците на Советот на родители ги свикува и со нив раководи претседателот на советот, во соработка со директорот на училиштето кој ги информира за сите состојби, а за техничкиот персонал е одговорен секретарот на училиштето. Доколку постои потреба за информирање на учениците за некои од одлуките на раководниот тим, тоа се врши преку одделенските раководители. Подрачни училишта не се вклучени во органот на управување на училиштето. Вработените во училиштето секогаш се навремено информирани за одлуките и решенијата на истиот. Сите дисциплински мерки по разни поводи во училиштето се изрекуваат според Законот за основно образование, иако не се забележани погруби прекршувања на законот |

| | | |
|---|---|---|
| | Управување и раководење со ресурсите | Училиштето има јасен план и распоред за максимална искористеност на расположливите капацитети за изведување на наставата и на воннаставните активности, со што ги задоволува потребите на учениците.<br>Училиштето може да се пофали со долга и богата традиција во вршење на ВОД. Истото датира од далечната 1946/47 учебна година, кога работело во мала училишна зграда, каде што денес се наоѓа Ученичкиот дом. Објектот во кој денес работи училиштето е изграден во 1954 година. Станува збор за двокатна наменски градена училишна зграда со подрум од цврста градба. Во текот на своето постоење се вршени извесни преуредувања на училишниот простор, како резултат на кои има добри услови за работа.<br>Училиштето располага со 13 простории на двата ката а една просторија во подрумскиот дел е наменета како сензорна соба за ученици со ПОП. За реализација на настава по ФЗО е направена мала сала со две соблекувални. Во училишниот двор преку проектот Меѓународен ден на мирот беше направено катче за држење на настава во природа и беа засадени цвеќиња во училишниот двор и во ученички дом. На првиот кат се наоѓаат 2 (две) училници една за одделенска настава и една за предметна настава библиотека, кабинет по информатика, математика и програмирање, наставничка канцеларија со кујна, канцеларии на директор, секретар и педагошко-психолошката служба, како и простран хол. На вториот кат се наоѓаат 1 (една) училница за одделенска настава и 4 кабинети со групирани предмети и тоа: кабинет по историја, географија и природни науки, кабинет по музичко, ликовно образование и етика, кабинет по биологија, хемија, природни науки и кабинет по физика и ТО. Исто така и на катот има простран хол.<br>Влезната врата на училиштето е заменета со PVC врата, прозорците на приземје се заменети со нови и плочки пред влезот од училиштето кои се донирани од Општина Старо Нагоричане.<br>Училиштето ги утврдува потребите за наставни средства и помагала, вклучувајќи книги, материјали за работа, аудиовизуелна и ИКТ опрема и истите ги набавува согласно своите можности и приоритети. Но и понатаму недостасува голем дел од асистивна технологија наменета за работа со ученици со ПОП и дел од наставни нагледни средства и помагала согласно нормативите по сите наставни предмети, ИКТ опрема, како и обнова на реквизити за реализирање на наставата по ФЗО во централно и подрачни училишта. Училиштето планира и навреме обезбедува потрошен материјал, но не во потребната количина за реализација на наставните и воннаставните |

| | | |
|---|---|---|
| | | активности согласно планот на училиштето, па затоа наставниците со свои средства и помогнати од страна на родителите копираат и обезбедуваат хартија и друг наставен материјал за успешно спроведување на активностите на учениците.<br>Училишната библиотека располага со 6039 книги, вклучувајќи ги и лектирните изданија, пропорционално застапени според наставните јазици што се изучуваат во училиштето. Библиотеката е добро уредена и располага со компјутер кој има пристап до интернет, издавањето и враќањето книги се води по електронски пат, за тоа е задолжен професор по македонски јазик. Библиотеката е отворена за користење од учениците, наставниците и од локална средина во текот на училишниот ден.<br>Ученичкиот дом во однос на просторните услови располага со: 2 спални (1 машка и 1 женска), занимална со компјутери, дневен престој, просторија за пинг-понг, просторија за воспитен кадар, кујна со трпезарија, магацински простор, бањи и тоалети за учениците.<br>Во текот на летниот период 2016 година реновирани се санитарните јазли, кујната, трпезаријата, дел од кровот, олуците и извршено е варосување на сите простории преку проект изготвен од општината Старо Нагоричане, прифатен и финансиран од МОН. Со средства обезбедени од страна на Чешката амбасада извршена е замена на прозорци и врати во спалните соби за учениците, извршена е комплетна санација на подот (паркетот), набавени се нови душеци и комплет постелнина. Со ангажман на вработените во училиштето целосно е преуреден и дневниот престој за учениците. Ученичкиот дом има и своја сопствена телефонска линија. Условите што ги нуди домот во поголем дел ги задоволува прописите за технички, хигиенски и други услови. Затоплувањето во зимскиот период е со централно греење.<br>Во состав на училиштето работат и подрачни училишта кои се од цврста градба и сите имаат од расположливите простории адаптирано по една училница во која се изведува настава и просторија за воспитниот и техничкиот персонал. Санитарните јазли во подрачните училишта се во дворовите на училиштата и делумно задоволуваат. Сите училиштата имаат електрична енергија .На селскиот водовод се приклучени ПУ с. Пелинце а во ПУ с.Арбанашко има само техничка вода за користење. Подрачните училишта се соочуваат со проблем со интернет врска и со компјутерска опременост. Поради потребата од задолжителна примена на компјутерската технологија во наставата подрачните училишта се снабдени со лап-топ компјутери |

| | | |
|---|---|---|
| | | IntelClassemate. Во подрачните училишта во селата Пелинце и Арбанашко од страна на телеком поставени се рутери за интернет.<br>Во овие училишта има  и други простории, кои се во лоша состојба поради немање на средства за нивно одржување. Учлниците се големи и опремени со доволно училишен мебел (клупи и столчиња). Материјалите со кои работат одделенските наставници, играчките, минималните дидактички средства се недоволни и честопати донесени од самите наставници.<br>Наставата по физичко образование од учебната 2013/2014 година се изведува на новоизградено повеќенаменско спортско игралиште за ракомет, мал фудбал и кошарка. Истото е оградено со мрежа и осветлено, така што може да се користи и во вечерните часови. Спортското игралиште е ставено на располагање и на месното население. Во училиштето е реновирана мала фискултурна сала со што значително се подобрени условите за настава по физичко и здравствено образование.<br>Училишните дворови се пространи и хортикултурно уредени. Недостасуваат клупи за седење во подрачните училишта. |
| | Раководење со кадарот | Директоротја извршува раководната функција во Училиштето, во согласност со законските прописи и статутот на Училиштето. Директорот има јасна визија за развојот на училиштето со која се запознаени сите вклучени чинители во животот на Училиштето. Директорот е целосно насочен кон квалитетна организација и реализација на сите подрачја од воспитно-образовната работа на Училиштето.<br>Директорот објективно ги оценува квалитетите на вработените и нивниот придонес во тимска работа, преку редовно следење на работата, посета на часови, извештаи, анализи, анкети. Практикува и поттикнува секојдневна соработка и комуникација со вработените, се’ со цел наставниците редовно да се информирааат и полесно и постојано да комуницираат помеѓу себе и со директорот, преку електронска пошта, затворена група на социјална мрежа Facebook, преку Viber, Microsoft Teams.<br>Секојдневно соработува со стручните соработници, родителите и учениците за надминување на проблеми и разрешување на конфликти во училиштето.Новините во образованието ги имплементира на ниво на училиште. Ја организира и следи работата на Училишен инклузивен тим и други тимови во училиштето, особено инсистира и поддржува рализирање на еколошки содржини и спроведување на училишни политики, во кои се афирмира инклузивноста на училиштето. |

| | | |
|---|---|---|
| | Следење и унапредување на наставниот процес | Училиштето има обезбедено соодветен наставен кадар за реализирање на воспитно – образовниот процес. Наставниот кадар е во согласност со нормативите за реализитрање на наставни планови и програми. Наставниот кадар е квалитетен, компетентен и оспособен да ги преземе одговорностите во наставата и вонннаставните активности согласно потребите на учениците и училиштето во целина. Стручните соработници во училиштето им помагаат на наставниците во организацијата и реализацијата на наставата, следењето на напредокот на учениците, справувањето со проблемите на индивидуално и групно ниво и давање советодавна помош на учениците. Стручните соработници во својата програма за работа планираат и спроведуваат разновидни активности за работа со учениците и наставниците и се секогаш отворени за соработка. Стручните соработници во дозвола со директорот според направен распоред вршат редовни посети на часови и вршат нивно евидентирање, најмалку два часа во едно полугодие кои се поткрепени со разговор за истите. Во училиштето е ангажиран и образовен асистент кој работи со категоризиран ученик обезбеден од ОУРЦ ,,Иднина,, од Скопје. Поради поголемата оддалеченост на подрачните училишта дефектологот објективно не е во можност да одговори на потребите на тие ученици. Од направената анализа произлегува потребата од идно вработување на социјален работник во училиштето. Наставниците успешно работат како тим во рамки на стручните активи и придонесуваат за ефективно работење на училиштето. За следење на наставниот час директорот или стручните соработници даваат повратна информација индивидуално на секој наставник и укажуваат на можности за идно подобрување. |
| **Индикатор 4.2 Цели и креирање на училишната политика** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |

| | | |
|---|---|---|
| • Годишна програма за работа на училиштето<br>• Извештај од самоевалуација<br>• План за развој на училиштето • Акциони планови<br>• Анкети/Интервјуа со директор,стручни соработници, наставници, родители, ученици • Записници од УО, Совет на родители, Наставнички совет ;<br>• Записник од состаноци на одд. заедници и ученичка организација<br>• Програма за работа и извештаи за работата на училишниот одбор;<br>• Деловник за работа на училишниот одбор<br>• План за професионален развој;<br>• Склучени договори, тендерска документација за јавни набавки • Записници од ревизија и УЈП<br>• Буџет и финансиски план на училиштето | Процедури за креирање на училишната политика | Училиштето има пропишани процедури за донесување на училишни политики и програми. Вработените, родителите и учениците учествуваат во креирањето на политиките, целите, начелата и вредностите на училиштето и се запознаени со начинот на нивно остварување и подобрување преку состаноците на Наставничкиот совет, Совет на одделенски наставници, Совет на предметни наставници, Совет на родители и родителски состаноци, стручни активи, преку соопштенија, информативни катчиња, огласна табла, веб страна на училиштето. Учениците преку ученичкиот парламент активно се вклучени во креирање и остварување на интересите на училиштето преку организирање и учество еколошки акции. Континуирано се подобруваат политиките во училиштето за намалување на насилството во училиштето, намалување на семејното насилство во соработка со Центар за социјални работи, недискриминација, еднаков пристап до квалитетно образование за сите, инклузивно образование, еколошко образование, меѓуетничка интеграција. Училиштето ги зема во предвид мислењата на родителите и на учениците при креирањето на политиките на училиштето. Дел од процедурите не се ажурирани. |
| | Резултати од развојно планирање | Целите во развојната програма се јасни, конкретни и ги отсликуваат предизвиците идентификувани од самоевалуацијата и интегралната евалуација на училиштето. Дел од нив се потешко остварливи поради потреба од финансиски средства со кои што не располага училиштето и треба да се обезбедат од Општината, донатори или учество во проекти. При нивното поставување се вклучени наставниците, стручната служба, родителите, учениците, училишниот одбор и претставниците од локалната заедница. Училиштето редовно и навремено ги информира наставниците, учениците и родителите за резултатите што треба да се постигнат и динамиката за реализирање. Информациите со засегнатите страни за резултатите кои треба да се постигнат од развојната програма се образложуваат на Наставничките совети и на Училишен одбор. Исто така релевантните страни со ваквите информации можат да се запознаат индивидуално преку Развојна програма на училиштето, Соопштенија за наставници, ученици и родители. Училиштето има акциски планови за постигнување на резултати од поставените цели. Училиштето има план за следење и евалуација на развојната програма, а планираните цели се реализираат доследно. |

| | | |
|---|---|---|
| | Планирање и управување со училишниот буџет | Директорот ги информира органите и телата во училиштето за училишниот буџет и негово трошење и има донесено финансиски план во кој се регулирани процедурите за обезбедување и распределувањето на финансиските средства. И покрај тоа што изработениот и уредно доставен финансов план од страна на Училиштето содржи приоритети тесно поврзани со образовните цели за подобрување на квалитетот на наставата и учењето, подобрувањата на постигањата на учениците, како и развојот на училиштето во целина истиот рестриктивно се одобрува од страна на основачот на училиштето. Одобрениот буџет се користи наменски, а во најголема мерка се користи за приоритети кои се поврзани со тековно одржување – комунални услуги, греење, комуникација, превоз на ученици, хигиена, ситен инвертар и поправки. Училишниот одбор навремено го добива и разгледува извештајот за планираниот финансиски план и истиот го одобрува и доставува до основачот. Советот на општината по разгледување го одобрува доставениот финансиски план. Училишниот одбор редовно ги следи финансиските активности и финансиската состојба на училиштето при трошењето на буџетот. |

**Опис/резиме на подрачјето**

Раководната структура во училиштето се состои од работата на директорот, координирана со работата на Училишниот одбор (УО). Нивните одлуки се засновани според одредбите на Законот за основно образование и Статутот на училиштето. Со училиштето управува училишен одбор кој брои 7 члена и во него членуваат 3 (тројца) претставници од редот на наставниците, 3 (тројца) од редот на родителите и 1 (еден) претставник од Основачот, општина Старо Нагоричане. Во врска со правичната застапеност на членовите на УО како орган на управување во однос на полова структура (мажи и жени), односот е 1 маж и 6 жени. Претставници од ученички парламент се 2 ученици кои немаат право на глас.
Во Советот на родители членуваат 9 родители од кои 3 се машки и 6 од женски пол.
Раководниот тим при разрешување на проблемите во училиштето, во принцип соработува меѓусебе, разменува идеи, дури и свикува вонредни седници за некои суштински прашања, повеќето по иницијатива на директорот во училиштето.

Училишниот одбор како орган на управување одржува состаноци по потреба, а членовите од тимот не се секогаш присутни поради работа на одделни наставници во повеќе училишта, недоволна мотивираност на надворешните членови на УО поради неплатеноста на членството и приоритет на приватните работи кај членовите на Советот на родители. Претседателот на УО е обврзан да го поттикнува членството на редовност на состаноците со навремено информирање и лични контакти, но и покрај сето наведено не успева секогаш во тоа. На седниците секогаш се обезбедува кворум за работа. Состаноците на УО ги води претседателот на УО по претходно одреден дневен ред, притоа задолжително водејќи записник за работата на УО. УО е во постојан контакт со Наставничкиот совет и оттаму црпе некои од темите за своите состаноци. Вработените во училиштето секогаш се навремено информирани за одлуките и решенијата на истиот.

Сите дисциплински мерки по разни поводи во училиштето се изрекуваат според Законот за основно образование, иако не се забележани погруби прекршувања на законот. Изречени се неколку дисциплински мерки.

Седниците на Советот на родители ги свикува и со нив раководи претседателот на советот, во соработка со директорот на училиштето кој ги информира за сите состојби.

За сите одлуки и информации наставниците и учениците навремено се информираат, а информирањето на родителите се одвива преку Советот на родители со извесни потешкотии. Тоа, поради нередовното присуство на родителите во ова тело и оддалеченоста на нивните места на живеење.

Една од политиките во училиштето е водење грижа за здравјето на учениците и разрешување на конфликтни ситуации. Таа се спроведува на часовите по граѓанска култура, одделенските часови преку реализација на програмата -Образование за животни вештини и на хуманитарните предмети и во ученичкиот дом. Во однос на работата со ученици со посебни потреби, во училиштето постои посебна индивидуална програма за секој ученик со ПОП изработена од дефектолог, педагошка-психолошка служба со наставници од соодветен наставен предмет, преку индивидуален пристап ги вклопат во постојната редовна настава, според можностите на овие ученици. Само еден ученик со ПОП има помош од образовен асистент.

Наставен јазик во училиштето е македонскиот, а во училиштето се изучуваат и англискиот јазик како прв и рускиот јазик како втор странски јазик.

Годишната програма за работа на училиштето се изготвува за период од 1 година. Сите планирања за развој на училиштето согласно Законот за основно образование ќе бидат за период од 4 години. Реалноста на планирањето се потврдува со филтрите што ги поминува (Наставнички совет, УО, Совет на родители), но и покрај сé не секогаш се успева целосна реализација, пред се

| |
|---|
| поради финансиските можности, зависноста од други институции, зависноста од локалната самоуправа и сл. Планирањата ги опфаќаат и потребите на подрачните училишта, според барањата на вработените во нив. Тие можат да ги достават своите сугестии на редовните состаноци на Наставничкиот совет и на редовните средби во централното училиште.<br>Соработката со наставниот кадар и другите вработени е на завидно ниво. Покрај работните задолженија согласно соодветните работни места, за сите останати активностите во училиштето се формирани тимови и комисии. Истите со континуирана подршка и поттик од директорот на училиштето мошне успешно функционираат веќе 4 години. Работата на сите тимови и комисии е записнички поткрепена. Ефектите од работата се евидентни во сите сегменти од работата на училиштето.<br>Од податоците од реализираната анкетата со наставниот кадар може да се забележи дека скоро сите наставници сметаат дека во училиштето се информирани за резултатите што треба да се постигнат со развојната програма на училиштето и динамиката за реализирање. Исто така сите анкетирани наставници сметаат дека учествуваат во интерни и екстерни обуки согласно со своите потреби. Со оваа констатација се сложуваат и анкетираните родители, кои сметаат дека се добредојдени во училиштето и дека им се посветува доволно внимание. |
| **Силни страни**<br>-Добра координираност меѓу телата во училиштето (директор, УО, Наставнички совет);<br>-Добар систем на грижа за здравјето на учениците и разрешување на конфликтни ситуации;<br>-Адаптирана и опремена сензорна соба за работа со ученици со ПОП |
| **Слаби страни**<br>- Училишната библиотека не располага со читална за учениците<br>- Недостаток на наставни нагледни средства и помагала согласно нормативите по одредени наставни предмети, ИКТ опрема, како и реквизите за реализирање на настава по ФЗО и воннаставни спортски активности<br>- Потреба од образовни асистенти во училиштето |
| **Приоритети**<br>- Набавка на нагледни средства и помагала согласно нормативите по одредени наставни предмети како и реквизите за реализирање на настава по ФЗО и воннаставни спортски активности<br>- Вклучување на училиштето во проекти кои би обезбедиле материјална поддршка за реализирање на поставените цели<br>- Опремување на училници и кабинети со современи компјутерски и дигитални помагала |

**Подрачје 4: Управување, раководење и креирање политики**

**Методи кои се користени за собирање податоци и обработени информации**

| |
|---|
| Анкета за родители/старатели – Анкетирани се 25 родители.<br>4.1 Поголем број **52% се согласуваат**, незначителен број **4% целосно не се согласуваат**училиштето ги поттикнува активно да се вклучат во различните активности во училиштето.<br>4.2 Поголем број **52% се согласуваат**, незначителен број **8% целосно не се согласуваат** дека се информирани од страна на претставникот од совет на родители за резултатите кои треба да се постигнат во следниот период . |

4.3 Мал број **48% се согласуваат** , незначителен број **8% не се согласуваат** дека училишниот одбор транспарентно ги објавува сите донесени одлуки.
4.4 Поголем број **72% целосно се согласуваат**, незначителен број **28% се согласуваат** дека училишната библиотека е достапна за сите ученици.

**Анкета за наставници-** Анкетирани се 19 наставници. Воспитно-образовната работа во училиштето ја реализираа 21 наставници, од кои 18 се вработени во ова училиште, додека 3-ца наставници од други училишта дополнуваа во нашето училиште Од анкетата се добиени следните податоци:
4.1. Поголем број **57,89% се согласуваат**, незначителен број **26,31% целосно се согласуваат,** дека се информирани за резултатите што треба да се постигнат со развојната програма на училиштето и динамиката за реализирање.
4.2. Поголем број **52,63% се согласуваат**, незначителен број **15,78% не се согласуваат**, дека во училиштето се практикува соработка помеѓу раководството, воспитно-образовниот кадар, учениците и родителитеа при донесувањето одлуки.
4.3. Поголем број **52,63% се согласуваат**, незначителен број **26,31% целосно не се согласуваат** дека училиштето им го обезбедуваат потребниот потрошен материјал за реализација на наставните и вонннаставните активности.
4.4. Поголем број **68,42% се согласуваат**, незначителен број **10,52% не се согласуваат** дека учествуваат во интерни и екстерни обуки согласно со своите потреби.
4.5 Мал број **47,36% целосно се согласуваат**, незначителен број **5,26% не се согласуваа**т дека директорот и стручните соработници следат најмалку два нивни наставни часови во текот на едно полугодие.
4.6 Мал број **42,10% се согласуваат**, незначителен број **15,78% целосно не се согласуваат** дека за следени наставни часови добиваат конструктивна повратна информација.
4.7 Поголем број број **57,89% се согласуваат**, незначителен број **15,26% не се согласуваат** дека во училиштето се поттикнуваат стручно да се усовршуваат.
4.8 Поголем број **52,63% се согласуваат**, незначителен број **10,52% не се согласуваат** дека училиштето поддржува и оддава признанија за квалитетното работење на наставниците.
4.9 Мал број **47,36% се согласуваат**, мал број **21,05% целосно не се согласуваат** дека се запознаени со тоа како се троши буџетот на училиштето.

Анкета за ученици- Анкетирани 20 ученика.
4.1 Поголем број **50% се согласуваат**, незначителен број **20% не се согласуваат** дека се информирани за активности кои ги планира училиштето за следниот период.
4.2 Поголен број **50% целосно се согласуваат**,незначителен број **5% не се согласуваат** дека можат да земат книга/лектира од училишната библиотека/медијатека во секое време.
4.3 Мал број **35% се согласуваат**, незначителен број **10% воопшто не се согласуваат** дека библиотеката/медијатеката е место каде можат да читаат и учат во пријатна атмосфера.